# Стратегија за Локален економски развој на Општина Свети Николе

Скопје, септември 2023 година

| Лица одговорни за Изработка на Стратегијата за Локален Економски развој Општина Свети Николе |
|---|
| **Изработил: Даниела Трпкоска дипл.маш.инж.**<br>**Соработници: М-р Саше Паневски дипл.маш.инж.** |
| **Здружение МАЦЕФ – Скопје**<br>**Претседател на Здружение МАЦЕФ - Скопје: Јасминка Димитрова Капац дипл.маш.инж.** |
| **Мобилен: 00389 71 295 568** |
| **E-mail: d.dimovska01@gmail.com** |
| **Потпис(и):** |
| **Датум: 09.2023 година** |

# Содржина

1 Вовед ... 7
1.1 Вовед од градоначалникот на Општина Свети Николе ... 7
1.2 За значењето на процесот за стратешко планирање за ЛЕР на општина Свети Николе ... 8
2 Профил на општината ... 9
2.1 Географска поставеност на Општина Свети Николе ... 9
2.2 Климатски карактеристики ... 10
2.3 Демографија ... 10
2.4 Географски карактеристики ... 13
2.5 Образование ... 14
2.6 Средно образование ... 15
2.7 Високо образование ... 16
2.8 Култура - Општински установи од областа на културата ... 16
2.9 Археологија ... 19
2.10 Патна инфраструктура ... 20
2.11 Водоснабдување ... 22
2.12 Канализација ... 24
2.13 Земјоделство ... 24
2.14 Сточарство ... 28
2.15 Хидролошки карактеристики ... 28
2.16 Природни богатства ... 29
3 Преглед на состојбите и опкружувањето во Општината ... 31
3.1 Локална економија ... 31
3.2 Индустриски зони во Општина Свети Николе ... 33
3.3 Работна сила и образовна структура на населението ... 38
3.4 Приказ на состојбата во училиштата ... 39
3.5 Општински буџет ... 40
3.6 Преглед на капитални проекти во периодот од 2020 до 2023 година ... 41
3.7 Останати капитални проекти кои се спроведени во периодот од 2018 до 2023 година ... 45
4 Мисија и визија на Стратегијата за Локален економски развој Општина Свети Николе 2024 - 2028 52
4.1 Визија ... 52
4.2 Мисија ... 52

5 Анализа на состојбите во општината во областите за кои се однесува стратешкиот план, со вклучена функционална анализа, PEST, SWOT анализа и идентификација на клучните фактори кои го определуваат нивниот развој, и дефинирање на заинтересираните страни (Stakeholders);......... 53

5.1 PEST анализа........................................................................................................ 53

5.2 SWOT анализа...................................................................................................... 56

5.3 Анализа и дефинирање на заинтересираните страни (Stakeholders)............................... 59

5.4 Анализа на испитување на јавното мислење...................................................................... 61

6 Стратешки приоритети и цели на општината;................................................................ 68

7 Усогласеност на стратешките приоритети со релевантните европски, национални, регионални, владините и локалните стратешки документи. ............................................ 69

7.1 Усогласеност со европските стратешки документи ............................................................ 69

7.2 Усогласеност со Национални стратегии ............................................................................. 70

8 Преглед на групирани проекти (иницијативи) кои се во функција за остварување на приоритетите и целите со финансиски проекции за трошоците и планираните извори на средства за нивна реализација и индикатори за успешност со чија помош ќе се мери степенот на реализација на проектите и напредокот во остварување на приоритетите и целите согласно Акцискиот план за планираниот период и нивна усогласеност со индикаторни вредности со Годишните програми на Општина Свети Николе.......................................................................... 73

8.1 Стратешки цели на Општина Свети Николе........................................................................ 73

8.2 Финансиска поддршка и пристап до финансии ................................................................. 79

9 Подготовка и дефинирање на излезни извештаи за следење и евалуација на реализација на акциониот план и Стратегија за локален економски развој на Општина Свети Николе ................... 82

9.1 Препораки за спроведување на Стратегијата .................................................................... 82

9.2 Систем за следење и евалуација на стратешкиот план ..................................................... 82

9.3 Препораки за ревизија на стратегијата.............................................................................. 83

10 АНЕКС 1: Акционен план за Стратегија за ЛЕР на Општина Свети Николе 2024 – 2028 ............ 84

11 АНЕКС 2: Анкета ......................................................................................................... 117

## *Содржина на табели*

Табела 1 Население во Општина Свети Николе ..... 11
Табела 2 Преглед на вкупното резидентно население по домаќинства и станови во Општина Свети Николе, Попис 2021 ..... 11
Табела 3 Население според населено место ..... 12
Табела 4 Нерезидентното население во општината Свети Николе ..... 13
Табела 5 Основни училишта во Општина Свети Николе ..... 14
Табела 6 Културни манифестации ..... 17
Табела 7 Водоснабдување на територијата на општината ..... 23
Табела 8 Начин на снабдување со вода за пиење во Општина Свети Николе ..... 23
Табела 9 Дистрибутивна мрежа ..... 24
Табела 10 Типови на канализациони мрежи за урбани отпадни води ..... 24
Табела 11 Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, по општини според НТЕС 2013 ..... 25
Табела 12 Преглед на површина и производство на лозја, по години, по општини, според НТЕС 2013 ..... 25
Табела 13 Број на овошни стебла и производство на овошје, по години, по општини, според НТЕС 2013 ..... 25
Табела 14 Површини и производство на посеви, по години, по општини, според НТЕС 2013 ..... 26
Табела 15 Површини и производство на тутун, по години, по општини, според НТЕС 2013 ..... 27
Табела 16 Индивидуални земјоделски стопанства според користено земјоделско земјиште, површини под овошни и лозови насади ..... 27
Табела 17 Површина под шума ..... 27
Табела 18 Земјоделски стопанства со добиток, живина, зајаци и пчелни семејства, Попис на земјоделството 2007 ..... 28
Табела 19 Коњи, говеда, овци и кози, Попис на земјоделството 2007 ..... 28
Табела 20 Активни деловни субјекти за периодот од 2018 до 2020 година ..... 31
Табела 21 Деловни субјекти според големината ..... 33
Табела 22 Основни податоци за Индустриска зона Овче поле ..... 34
Табела 23 Карактеристики на слободните парцели за градба во зоната ..... 34
Табела 24 Основни податоци за Индустриска зона Југ ..... 36
Табела 25 Сообраќајна поврзаност на индустриските зони од Општина Свети Николе ..... 37
Табела 26 Податоци за невработеноста по години ..... 39
Табела 27 Број на ученици по учебни години ..... 39
Табела 28 Број на вработени во основно и средно образование по учебни години ..... 40
Табела 29 Буџет на Општина Свети Николе ..... 40

## *Содржина на слики*

Слика 1 Графички приказ на активните деловни субјекти од 2018 до 2021 година ........................... 32
Слика 2 Урбанистички план вон населено место Амзабегово за изградба на лесна и назагадувачка индустрија-индустриска зона Овче Поле, КО Амзабегово, Општина Свети Николе синтезен план .. 35
Слика 3 Индустриска зона Овче Поле ........................................................................................ 36
Слика 4 Графички приказ за бројот на вработени во општината според од 2017 до 2020 година ... 38
Слика 5 PEST анализа ................................................................................................................ 54
Слика 6 SWOT анализа ............................................................................................................... 57
Слика 7 Анализа на влијанието на засегнатите страни ......................................................... 60
Слика 8 Анализа на резултатите од анкетата – Општ дел ..................................................... 62
Слика 9 Анализа на резултатите од анкетата – Специфичен дел .......................................... 65

# 1 Вовед

## 1.1 Вовед од градоначалникот на Општина Свети Николе

Почитувани,

Општина Свети Николе е место со богата историја и култура, ги носи во себе традициите на нашиот народ. Сепак, сме предизвикани да ја оформиме историјата на иднината, да ја креираме општината која ќе биде модел за успешен и одржлив развој.

Обезбедувањето на подобри услови за живот и економски развој на нашата општина е приоритет на општинската администрација. Со почетокот на мојот мандат како градоначалник на Општина Свети Николе, го препознав огромниот потенцијал и значењето на Општрина Свети Николе како во мокроекрегионот Овче Поле така и и како дел од центарот за развој на Вардарскиот плански регион чијшто претседател бев во еден мандат.

Во текот на мојот ангажман како Градоначалник на Општина Свети Николе мојата посветеност е насочена кон системско и ефикасно решавање на предизвиците што ги ставаме пред себе. Сакаме да изградиме општина во која граѓаните ќе имаат доверба во општинската администрација и ќе уживаат во подобрен стандард на живот.

Првично, се фокусираме на решавање на елементарните услови за живот, и намалување на диспаритетите помеѓу насленените места со изградба на основна инфраструктура во се поголем број на населби и реконструкција на инфраструктура патна и комунална во дел од градот.

Еден од најважните аспекти на стратегија е стимулирање на економскиот раст и креирање на нови работни места. Со тоа стремиме кон спречување на иселувањето на младите и подобрување на економските перспективи за нашата општина.

Со искористување на алтернативни извори на енергија,  како сончевата и ветерната енергија, ги поддржуваме здравите практики за заштита на животната средина.

Споделуваме заеднички визија за општина Свети Николе како модерна, општина во која сите граѓани имаат рамномерен пристап до подобри услови за живот. Со посветеност и транспарентност, сме подготвени да го изработиме овој план и заедно да ја изградиме општината која ги задоволува потребите како и очекувањата на секој граѓанин.

Оваа стратегија не е само Наш план, туку и повик за соработка и заедничко создавање на подобра иднина. Со стратешките цели зацртани во планот, го трасираме патот на кој ќе работиме заедно со заедницата во следниот период, каде со поддршката и взаемна доверба како и соработка со сите чинители во периодот што следува ќе успееме да го реализираме планот.

## 1.2 За значењето на процесот за стратешко планирање за ЛЕР на општина Свети Николе

Локалниот економски развој во општина Свети Николе по дефиниција е подобрување на конкурентноста на економскиот сектор во рамките на дефинирани локални економски услови. Визијата на општината е да изгради економски капацитет на локално ниво за уште повеќе да се подобри економската иднина и животниот стандард на сите жители. Тоа е процес преку којшто јавноста, стопанските дејности и невладиниот сектор работат заедно, како партнерство, за да создадат подобри услови за економски развој и за нови вработувања.

Темелејќи го својот успех на способноста да се приспособи на динамичната локална, национална и меѓународна пазарна економија, општина Свети Николе го користи стратешкото планирање на ЛЕР за да го зајакне капацитетот на локалната економија, да ја подобри инвестициската клима, продуктивноста и конкурентноста на локалните бизниси, претприемачите и работниците. Локалниот економски развој (ЛЕР) им нуди можност на локалната самоуправа, на приватниот и на непрофитните сектори, како и на локалните заедници, да работат заедно за подобрување на локалната економија. ЛЕР се фокусира на зголемувањето на конкурентноста и на одржливиот развој. Способноста на општина Свети Николе да го подобри квалитетот на животот, да создаде нови економски можности и да се бори против сиромаштијата, зависи од степенот на спроведување на ЛЕР и од стратешкото дејствување во променливото и високо конкурентно пазарно општество.

# 2 Профил на општината

## 2.1 Географска поставеност на Општина Свети Николе

Територијата на  Општина Свети Николе се поистоветува со познатата област „Овче Поле”, односно таа го зафаќа најголемиот простор на ова поле кое му припаѓа на сливот на Светиниколската река или „Азмак”, десна притока на реката Брегалница.

Според регионалната поделба Општина Свети Николе е дел од Вардарскиот плански регион. Во однос на територијата која ја зафаќа општината Свети Николе се вбројува во најголемите општини во Република Македонија со површина од 480 $km^2$. Како средишен дел на Овче Поле општината се граничи со повеќе општини: Пробиштип, Кратово, Куманово, Петровец, Велес, Лозово, Штип и Карбинци.

Овчеполската котлина е специфична по своето настанување и морфолошка структура. Котлината во целата своја површина не е целосно рамна, нејзината надморска височина изнесува 200 до 400 m, најголемата надморска висина не е повеќе од 900 метри. Највисоки места се: Градиште кај Ѓуриште 861 м, Врв – северозападно од село Павлешенци 789, Венец – Северозападно од село Трстеник 762, Свети Јовански рид кај село Богословец 755, Манговица – помеѓу село Горно Ѓуѓанци и село Макреш 741, Голем осој – помеѓу село Макреш и село Орел 734, Челебинско трло – североисточно од село Патетино 731, Камене Страге – пресекот помеѓу село Макреш и село Ранченци и село Немањици и село Патетино 717 и др.

Овче Поле со својата конфигурација и географска поставеност е изложено на континентални и медитерански климатски влијанија.

Надморската висина се движи од 238 m нв до 786 m нв. на највисокиот врв на опкружувачките ридести возвишенија. Најголемиот дел од територијата на општината се простира на висина од 250 до 320 m нв.

Ова подрачје се карактеризира со сеизмичка активност изложена на дејство и на подалечни земјотреси. Свети Николе спаѓа во епицентралните подрачја со појава на локални земјотреси со интензитет од I до VII степен по MSK скалата.

## 2.2 Климатски карактеристики

Климата во Општина Свети Николе е умерено континентална клима, со влијание на изменета медитеранска клима по должината на реката Брегалница.

Климатските услови што го карактеризираат овчеполието се следните:

- должина на сончев сјај (сончеви денови 2391 h/god);
- просечни ладни денови 77 (најизразено во јануари и февруари);
- падавини: просечна годишна количина на врнежи 468 $mm/m^2$ и се движи од 333 $mm/m^2$ до 587 $mm/m^2$;
- влажност средно годишна релативна влажност од 67% (максимум во јануари 80 % и декември 84 %, а минимум во август 52 % и јули 54 %);
- постојани ветрови и тоа:
  - северен со просечна честост од 188 ‰ и постојана брзина од 4,6 ms, дува скоро преку целата година.
  - Северозападен ветер со честост од 127‰ и просечна брзина од 3,9 ms.

## 2.3 Демографија

Во последните две децении демографските показатели во општина Свети Николе бележат негативен пораст:

- Вкупниот број на населението според попис 2002 година е 18497
- Вкупниот број на населението според попис 2021 година е 15320

Намалување на бројот на населението од 3177 жители или 17,2%

Според последниот попис на население од 2021 година во Општина Свети Николе[1] има вкупно 16514 попишано населени, од кои 15320 или 92.8% се резидентно население и 1194 или 7,2% се нерезидентно население.

[1] Државен завод за статистика: Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци (stat.gov.mk)

Структурата на резидентното население во општината е дадена во долната табела:

*Табела 1 Население во Општина Свети Николе*

| Пол | Вкупно | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 15320 | 100% | 7841 | 51.2% | 7479 | 48.8% |
| Македонци | 14170 | 92.5% | 7256 | 47.4% | 6914 | 45.1% |
| Албанци | 10 | 0.1% | 0 | 0.0% | 10 | 0.1% |
| Турци | 57 | 0.4% | 28 | 0.2% | 29 | 0.2% |
| Роми | 45 | 0.3% | 16 | 0.1% | 29 | 0.2% |
| Власи | 134 | 0.9% | 63 | 0.4% | 71 | 0.5% |
| Срби | 33 | 0.2% | 9 | 0.1% | 24 | 0.2% |
| Бошњаци | 1 | 0.0% | 0 | 0.0% | 1 | 0.0% |
| Други неспоменати | 47 | 0.3% | 30 | 0.2% | 17 | 0.1% |
| Не се изјасниле | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% |
| Непознато | 6 | 0.0% | 5 | 0.0% | 1 | 0.0% |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 817 | 5.3% | 434 | 2.8% | 383 | 2.5% |

*Табела 2 Преглед на вкупното резидентно население по домаќинства и станови во Општина Свети Николе, Попис 2021*

| Општина Свети Николе | Население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 15320 | 5120 | 6812 |

Територијата на општината вклучува вкупно 34 населени места, а е поделена на урбан дел во кој е сместен градот Свети Николе и рурарлен дел во кој се вклучени 33 села: Алакинци, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓуѓанци, Горно Црнилиште, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанци, Долно Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Стара и Нова Мездра, Мечкуевци, Мустафино, Немањици, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранченци, Сопот, Стануловци, Стањевци, Строиманци и Трстеник.

Со оглед на релјефната структура најголем број села и тоа 17 се рамнински, 14 се ридски додека нема ниту една планинска населба.

Според последниот попис од 2021 година во општината се вбројуваат 6 празни села без население со место на вообичаено живеење, и тоа:

- Арбасанци
- Макреш
- Мечкуевци
- Патетино
- Станиловци
- Мездра.

*Табела 3 Население според населено место*

| Населено место | Население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| Алакинци | 3 | 1 | 8 |
| Амзабегово | 428 | 137 | 176 |
| Арбасанци | - | - | - |
| Богословец | 1 | 1 | 7 |
| Буриловци | 1 | 1 | 3 |
| Горно Ѓуѓанци | 3 | 2 | 10 |
| Горно Црнилиште | 373 | 113 | 146 |
| Горобинци | 602 | 203 | 278 |
| Делисинци | 2 | 2 | 9 |
| Долно Ѓуѓанци | 88 | 36 | 67 |
| Долно Црнилиште | 61 | 20 | 20 |
| Ерџелија | 852 | 320 | 414 |
| Кадрифаково | 150 | 47 | 61 |
| Кнежје | 57 | 24 | 57 |
| Крушица | 5 | 4 | 43 |
| Макреш | - | - | 5 |
| Малино | 20 | 12 | 74 |
| Мездра | - | - | - |
| Мечкуевци | - | - | 10 |
| Мустафино | 400 | 137 | 229 |
| Немањици | 75 | 39 | 156 |
| Орел | 9 | 6 | 40 |
| Павлешенци | 26 | 15 | 68 |
| Патетино | - | - | 12 |
| Пеширово | 256 | 87 | 93 |
| Преод | 25 | 10 | 40 |
| Ранченци | 25 | 15 | 69 |
| Свети Николе | 11728 | 3833 | 4514 |
| Сопот | 58 | 24 | 70 |
| Станиловци | - | - | 7 |
| Стањевци | 47 | 21 | 54 |
| Строиманци | 1 | 1 | 22 |
| Трстеник | 24 | 9 | 50 |

*Табела 4 Нерезидентното население во општината Свети Николе*

| Пол | Вкупно | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1194 | 100% | 705 | 59.0% | 489 | 41.0% |
| Македонци | 1129 | 7.4% | 670 | 4.4% | 459 | 3.0% |
| Албанци | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% |
| Турци | 17 | 0.1% | 9 | 0.1% | 8 | 0.1% |
| Роми | 12 | 0.1% | 5 | 0.0% | 7 | 0.0% |
| Власи | 14 | 0.1% | 9 | 0.1% | 5 | 0.0% |
| Срби | 4 | 0.0% | 2 | 0.0% | 2 | 0.0% |
| Бошњаци | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% |
| Други неспоменати | 11 | 0.1% | 7 | 0.0% | 4 | 0.0% |
| Не се изјасниле | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% |
| Непознато | 7 | 0.0% | 3 | 0.0% | 4 | 0.0% |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% | 0 | 0.0% |

## 2.4 Географски карактеристики

Градот Свети Николе согласно постојниот ГУП зафаќа 328 ha и е поделен на неколку зони:

- Зона на домување;
- Зона на индустрија;
- Зона на мало стопанство;

Површината што ја зафаќа ГУП за град Свети Николе е 427 ha од кои припаѓаат на:

- Домување 154,8 ha;
- Општи функции 84,5 ha;
- Сообраќај 101,8 ha;
- Стопански дејности 78,9 ha;
- Сообраќајни објекти 7,0 ha.

## 2.5 Образование

Образованието во Општина Свети Николе е оргагнизирано како основно и средно образование.

- Основно образование – се одвива во 3 централни општински училишта и 7 подрачни училишта:

*Табела 5 Основни училишта во Општина Свети Николе*

| Училиште Локација | Вид на настава | Број на одделенија | Број на ученици | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|
| ЦООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 13 паралелки - одделенска настава<br>12 паралелки - предметна настава | 405 | Вкупно 83 вработени:<br>22 наставници одделенска настава<br>28 наставници предметна настава<br>1 директор<br>3 стручни соработници (педагог, психолог, библиотекар)<br>1 секретар, 1 благајник<br>13 лица технички персонал |
| ПООУ „Гоце Делчев – Горобинци | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 5 паралелки - одделенска настава<br>4 паралелки - предметна настава | 56 | |
| ПООУ „Гоце Делчев“ - Црнилиште | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 1 чиста паралелка<br>2 комбинирани паралелки за одделенска настава (1 и 2 одделение; и 4 одделение) | 17 | |
| ЦООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 34 паралелки по одделенска и предметна настава | 547 | Вкупно 79 вработени:<br>54 наставници одделенска и предметна настава<br>1 директор<br>6 стручни соработници (1 педагог, 1 психолог, 2 дефектолог, 1 библиотекар, 1 социолог, 1 дефектолог – специјален едукатор и рехабилитатор)<br>1 секретар-советник, 1 технички секретар, 1 благајник<br>15 лица технички персонал |
| ПООУ „Свети Кирил и Методиј“ – с. Долно Ѓуѓанци | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | | | |
| ЦООУ „Даме Груев“ – с. Ерџелија | Наставата се одвива од 1 до 9 одделение | 5 паралелки одделенска настава<br>4 паралелки предметна настава<br>1 комбинирана паралелка (4 и 5 одделение) | 114 | Вкупно 45 вработени:<br>16 наставници одделенска<br>15 наставници предметна настава<br>1 директор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Амзабегово | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 3 паралелки - од кои 2 комбинирани (1 и 2 одделение; 4 и 5 одделение) | 29 | 3 стручни соработници (1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар)<br>1 секретар,<br>1 сметководител<br>9 лица технички персонал |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Мустафино | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 2 комбинирани паралелки (1, 2 и 3 одделение; 4 и 5 одделение) | 19 | |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Пеширово | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 2 комбинирани паралелки (1 и 3 одделение; 4 и 5 одделение) | 17 | |
| ПООУ „Даме Груев“ – с. Кадрифаково | Наставата се одвива од 1 до 5 одделение | 1 комбинирана паралелка (од 1 до 5 одделение) | 9 | |

## 2.6 Средно образование

Во Општина Свети Николе од 1961 година до 1981 година функционираат 2 средни училишта: стручно и гимназиско. Средно Општинско Училиште „Кочо Рацин“ е основано како гимназија. Во 1981 година претрпува измени се формира центар во кој влегува гимназиското образование заедно со училиштето за квалификувани работници во земјоделието. Името на училиштето е изменето во УЦСНО „Јосип Броз Тито“. Сегашното име на училиштето е добиено во 1993 година. Новата пререгистрација во назив Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ е извршена на 13.03.2006 година.

Воспитно-образовната работа на училиштето се одвива во две училишни згради. Во склоп на едната училишта зграда има Ученички дом „Кочо Рацин“ кој е отворен во 1982 година.

СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе, иако првично е оформено како гимназија, сепак во учебната 2022/2023 се направени реформи во средното стручно образование, при што се опфатени следните струки и профили:

1. Гимназиско образование: реформирано гимназиско образование, природно-математичко, општествено-хуманистичко и јазично-уметничко подрачје
2. Земјоделска ветеринарна струка/сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство: агротехничар, техничар за агроменаџмент, техничар за фитомедицина и техничар по ветеринарна медицина
3. Машинска струка: машински техничар за моторни возила
4. Хемиско-технолошка струка: прехрамбен техничар.

Во учебната 2023/2024 година наставата во СОУ Кочо Рацин Свети Николе ќе ја следат ученици во прва, втора, трета и четврта година:

| | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Прва година | 6 | 71 |
| Втора година | 7 | 104 |
| Трета година | 7 | 105 |
| Четврта година | 8 | 103 |
| **Вкупно** | **27** | **383** |

Во училиштето во учебната 2022/2023 година вкупно вработени 74 лица и тоа: 1 директор, 1 помошник директор за настава за гимназиско образование, 1 помошен директор за настава за стручно образование, 48 предметни наставници, 5 стручни соработници (1 педагог, 1 психолог, 2 библиотекари и 1 социолог), 4 административни службеници (секретар, благајник, технички секретар и сметководител), 13 лица помошно-технички персонал ( 8 хигеничари, 2 хаус-мајстори, 1 економ-домаќин, 1 чувар, 1 возач и 1 ракувач на парни котли-парноложач) и 1 воспитувач во ученичкиот дом.

## 2.7 Високо образование

Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе е акредитирана високообразовна установа која започна со работа во 2004 година во Свети Николе. Универзитетот располага со кампус за сместување на студентите од другите градови.

Во рамки на универзитетот има 5 факултети и 2 институти:

- Факултет за економија
- Факултет за Психологија
- Факултет за Информатика
- Факултет за безбедносно инженерство
- Факултет за правни науки
- Институт за култура и уметност
- Институт за инженерска економија.

На сите 5 факултети има настава за додипломски и после дипломски студии. Наставниот кадар го сочинуваат асистенти и професори од Македонија, Русија и Бугарија.

## 2.8 Култура - Општински установи од областа на културата

**ОУ Народен музеј Свети Николе** - Зградата во која е сместена ОУ Народен Музеј Свети Николе е споменик на културата, изградена во периодот од 1924 до 1926 година од минатиот век. Објектот е изграден за потребите на тогашната општинска администрација, па затоа и го носи долго време називот стара општинска зграда. Автор на проектот е Арх. Проф. Сотир Томовски, еден од првите академски образувани архитекти од Македонија. Зградата е изградена во неокласичен стил, распространет во овој период на овие простори со цел што поголемо доближување до европските

традиции и интензивирање на комуникациите со европските земји. Проектот говори за добро обмислен функционален објект за потребите на тоа време а со својата Архитектура станува знак и репер на централното градско подрачје. Во текот на експлоатацијата, како објект служи за сместување на општинските административни единици, подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика и седиште на др. општествени организации. Формирањето на Општинската музејска збирка е во 1981 год. и се должи на селектираниот и презентиран археолошки материјал. Музејската збирка со зголемувањето на прибраниот материјал и фундус на предмети, прерасна во Народен Музеј – Свети Николе во 1994 год. Со Одлука на Собранието на Општина Свети Николе од Октомври 1991 година објектот е доделен на користење на тогашната музејска збирка, а сега Народен Музеј Свети Николе. За таа цел во Септември 1994 година изработен е проект за реконструкција и адаптација на просторот од страна на РЗЗСК на РМ. Целосно реновираниот и заштитен како споменик на културата на Р. Македонија, музејот е свечено даден на употреба, во Август 2002 год. Тој е со вкупна површина од 464 м2 корисен простор. Музејот ги содржи следните постојани поставки: археолошка, етнолошка, историска, лапидариумот, како и просторот за повремени изложби и настани.

**ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков“ Свети Николе -** општинска установа која е центар на сите активности и настани од културен карактер во општината и како институција е надлежна за презентација и промоција на локалното етнолошко културно наследство во земјата и во странство , поттикнување и развој на културата, особено на децата и младите, културно – уметничкиот аматеризам и објавување на културно – уметнички дела. Како центар на културата во градот и општината дава печат на современото културно живеење со своите разновидни и квалитетни културни содржини преку фолклорната, драмската, литературната, ликовната, кинoприкажувачката и библиотечната дејност. Домот на културата е изграден во далечната 1969 година како прв АСНОМ Дом на култура и оттогаш па наваму успешно работи веќе над 50 години. На својата расположлива површина од 4000 м2 Домот има 2 сцени – поголемата со површина од 378 м2 и мала сцена со 20 м2. Од двете сали со кои располага Домот, големата сала брои 420 седишта, а малата сала има 120 седишта, 2 читални. Од 1982 година во рамките на Домот на културата е интегрирана и градската библиотека „Гоце Делчев“ – културно – образовна институција за вршење на библиотечна дејност со богат книжен фонд. На културната мапа во регионот и пошироко е препознатлив и по манифестации и фестивали кои ги организира меѓу кои: Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“, Ликовна колонија „Ѓуриште“, Шоу за деца „Ѕвездички“, во месецот на книгата манифестацијата „Книгата отворен прозорец кон светот“, Поетска манифестација „Пролет, љубов, смеа“, Саем на книгата, Светиниколско културно лето, Есенски културен бран и др.

*Табела 6 Културни манифестации*

| Манифестации | Краток опис за манифетсацијата |
|---|---|
| - **Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“** | Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“ кој традиционално се одржува на верскиот празник Тодорова сабота. На истиот учество земаат фолклорни ансамбли и културно-уметнички друштва (кои негуваат изворен фолклор) од Македонија и надвор од неа. Фестивалот е од награден карактер. |

| | |
|---|---|
| - **Априлијада** | Денот на шегата – Април во Свети Николе посебно го одбележуваат децата, кои како симбол на радост и смеа, учествуваат на маскенбал во центарот на градот. Помладите ученици од основните училишта и децата од градинките, облечени во маски од нивните идоли и разни комични теми, дефилираат низ градот |
| - **Поетска манифестација “Пролет, смеа, љубов”** | По повод меѓународниот ден на книгата и авторското право, традиционално секоја година Домот на култура ја организира поетската манифестација насловена како “Пролет, смеа, љубов”, на која земаат учество членови на литературните клубови од цела Македонија. Манифестацијата е со натпреварувачки карактер |
| - **Шоу за деца „Ѕвездички“ Караоке и Плејбек** | Општина Свети Николе во соработка со Основните училишта и ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков“ организира Шоу за деца „Ѕвездички“ караоке – плејбек. Шоуто е со награден карактер, и децата се натпреваруваат во две категории: плејбек настап (поп – рок композиција по сопствен избор) со вокална изведба во придружба на оригиналната песна и сценски настап со сопствена кореографија; пеење во живо (поп – рок композиција, на матрица – по сопствен избор) и сценски настап со сопствена кореографија. |
| - **Саем на книгата Книгата – отворен прозорец кон светот** | По повод Месецот на книгата 15 октомври-15 ноември се одржува Саем на книгата. На Сеамот со свои изданија земаат учество повеќе издавачки куќи од Републиката. Отворањето на Саемот е со традиционалната манифестација насловена како Книгата-отворен прозорец кон светот. На манифестацијата со свои прозни творби земаат учество ученици од Општинските основни училишта од нашиот град и с. Ерџелија како и членови на литературниот клуб при Домот. Манифестацијата е збогатена со музички точки на членовите на народниот оркестар при Домот. |
| - **Патрон на градот Свети Николе „Свети Николај“ Чудотворец Мирликијски** | Во организација на локалната самоуправа во Свети Николе традиционално се празнува 19 |

| | |
|---|---|
| | декември „Свети Николај“, патрон и заштитник на градот Свети Николе. На овој верски празник во црковниот храм „Свети Николај“ во Свети Николе се одржува Свечена утринска литургија на која присуствуваат голем број на граѓани. За таа цел исто така се одржува „Свечена академија“ на која се доделуваат признанија за најзаслужните граѓани од Свети Николе, за нивниот придонес за напредокот и промоцијата на Свети Николе на полето на занаетчиството, музиката, литературата, спортот, културата итн |
| - **Ликовната колонија „Ѓуриште“** | Ликовната колонија „Ѓуриште“ има меѓународен карактер. Вообичаено се одржува на 21 септември на верскиот празник Мала Богородица на атрактивни природни локалитети во општината, каде творат ликовни уметници од Македонија и странство, во различни сликарски техники. Создадени уметнички дела од рацете на врвни мајстори, кои имаат посебно катче во Домот на Културата, каде се изложени за јавноста |
| - **„14-ти Септември“** | „14-ти Септември„ – Се слави како ден на Ослободување на градот. Во чест на празникот се одржува пригодна свеченост со полагање на цвеќе на спомениците на загинатите борци од Свети Николе во НОБ и рецитали за оддавање на почит и потсетување за херојството и жртвувањето на борците со потекло од Свети Николе, за ослободување од фашизмот. |

## 2.9 Археологија

На територијата на Овче Поле откриени се и евидентирани 179 археолошки локалитети (Археолошка карта II на Република Македонија), од кои како покарактеристични можеме да ги посочиме следниве:

- Најстари археолошки локалитети се:

1. Барутница, кај село Амзабегово - Ран неолит 5500 години п.н.е.. Неолитската населба е расположена на блага падина од левата страна на Светиниколска Река, оддалечена околу 2 km југозападно од селото. Истражувана е во 1961 г. од Паула и Јосип Корошец и во 1969/70 г. од М. Гарашанин и М. Гимбутас. Во културниот слој од 4 m се издвоени четири хоризонти на живеење од постариот неолит (И-ИВ) и една од доцниот неолит (винчанска фаза). Според нејзиниот, а и според културниот карактер на населбата Вршник, неолитот во Источна Македонија е издвоен како посебна културна целина, односно Анзабегово-Вршник културна група. На еден крај од наоѓалиштето, била подигната вила рустика (Ⅲ- Ⅳ в.).

2. Руг Баир с.Горобинци - Среден неолит. Се наоѓа на околу 2 km јужно од селото меѓу полските патчиња од Горобинци кон селата Иванковци и Ѓуземелци, на еден од гребените на ѓуришкиот масив што се спушта во благ пад кон полето,достигнувајќи на исток до селото Амзабегово.
3. Алин Дол, с.Немањици - Доцен неолит. археолошко наоѓалиште во светиниколското село Немањици. Наоѓалиштето претставува населба од младото камено време и античкоримското време. Се наоѓа на 1,8 km северозападно од селото, на тераса од левата страна на Орелска Река, во реонот на вештачкото езеро Мавровица.
4. Вилазора (старогрчки: Βυλάζωρα) или Билазора — пајонски град од периодот на раната антика. Се наоѓа во Овче Поле; денес наоѓалиштето се вика „Градиште“, во месноста Славков Дол кај селото Кнежје. Градот заедно со подградието зафаќал површина од 20 ha. Според стручњаците, два значајни датума во историјата на Античка Македонија се поврзуваат со градот Вилазора: 217 година п.н.е. кога македонскиот крал Филип V ја обновил нејзината утврдувачка мрежа и 168 година п.н.е. кога македонскиот крал Персеј во фаза на подготовки за Третата македонско-римска војна успеал да договори воена помош од страна на Галите кои биле стационирани во близина на Вилазора
5. Мечев Брест, с.Долно Ѓуѓанци - римски период.
6. Ковчези, с. Долно Ѓуѓанци, светилиште на карпа - хеленистички период.
7. Дудин дол, Свети  Николе, населба и некропола - римски перод.
8. Рудина, Свети  Николе, населба - римски перод.
9. Ѓуришки манастир „Свети  Богородица“, населба - среден век.
10. Црква „Свети  Николај“ - среден век.
11. Старо село, с. Немањици, населба и некропола - среден век.

Споменици на културата кои се регистрирани во Централен регистар за недвижно културно наследство се:
- Црква „Свети Никола“ (Гробјанска црква) - с.Бурилoвци со Решение на РЗЗСК од 02.04.1997 година, црквата е со статус споменик на културата заштитен со закон.

- Археолошки локалитет „Барутница“ - с. Амзабегово локалитетот е со статус споменик на културата заштитен со закон.

- Археолошки локалитет „Руг Баир“- с. Горобинци со Решение на РЗЗСК од 25.04.1990 година, локалитетот е со статус споменик на културата заштитен со закон.

- Археолошки локалитет „Градиште/Славков дол“ Билазора - с. Кнежје со Решение на РЗЗСК од 25.04.1990 година е локалитет со статус споменик на културата заштитен со закон.
- Старата Општинска зграда - Свети Николе со Решение на РЗЗСК од 16.03.1995 година, е со статус споменик на културата заштитен со закон.

## 2.10 Патна инфраструктура

Покрај општина Свети Николе поминува новиот автопат А4 – автопатот: Миладиновци – Свети Николе – Штип, поминуваат два регионални патишта: Р1 и Р2, како и патните правци: А3м, кој се протега од Велес кон Штип и е на оддалеченост од градот Свети Николе 9,5 km низ Овчеполската

рамнина, како и патниот правец Р1204 кој се протега од Куманово кон Штип, кој поминува низ град Свети Николе.

Регионалниот пат Р1:
- Р1204 Куманово – Свети Николе – Овче Поле – Кадрифаково – Штип
Регионалниот пат Р2:
- Р2236 Свети Николе – Мечкуевци – Пуздерци – Неокази
- Р2135 Свети Николе – Горобинци – Преод – Малино – Горно Коњаре.

На овие два патни правци се поврзани повеќе локални патни правци населените места во општината:
- село Ерџелија – А4;
- село Кадрифаково – А4 и А3м;
- град Свети Николе – А4 и А3м;
- село Црнилиште – Р1204 и А3м;
- село Сарамзалино – А3м;
- село Делисинци – А3м;
- село Богословец – А3м;
- село Немањици – А4 и Р2236;
- село Пеширово – Р1204;
- село Орел – Р1204;
- село Ѓуѓанци – Р1204;
- село Мездра – Р1204;
- село Стањевци – Р1204;
- село Павлешенци – Р1204;
- село Крушица – Р2135;
- село Сопот – Р2135;
- село Горобицни – Р2135;
- село Преод - Р2135;
- село Малино - Р2135.

## 2.11 Водоснабдување

Градот Свети Николе со вода за пиење се снабдува од 2 системи:

- Главен извор на вода е од хидросистемот „Злетовица"- Пробиштип со производен капацитет од 35 до 70 l/sec;
- Систем за алтернативно водоснабдување Бунарско поле Дивјак.

Водоснабдувањето од хидросистемот Злетовица е гравитационен, а додека пак од Бунарско поле Дивјак е комбиниран гравитационен и со помош на пумпи.

Потрошувачката на преработената чиста вода за пиење за град Свети Николе во летниот период достигнува капацитет од 70 l/sec до 75 l/sec, додека во зимскиот период достигнува капацитет од 30 l/sec до 35 l/sec. Теоретски максималниот капацитет во фабриката за преработка на чиста вода за пиење изнесува 150 l/sec (практично преработка на чиста вода за пиење изнесува 80 l/sec со потешкотии најмногу до 90 l/sec).[2]

Филтерната станица во м.в „Сивритепе" располага со: - две комори (наменети за озонирање) од кои во едната комора се врши дозирање на растворите за третирање на сировата вода - два таложника од по 850 $m^3$- три песочни филтри - два резервоари за чиста вода за пиење од по 500 $m^3$ - два

[2] Годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец"- Свети Николе за 2019 година Inception Report (svetinikole.gov.mk)

резервоари на пумпна станица кај Здравствен дом – горна зона од по $m^3$. Водоснабдувањето се врши во Свети Николе и 7 приградски населби (села):

*Табела 7 Водоснабдување на територијата на општината*

| Име на населено место | Население** | Приклучоци за водоснабдување* | | Приклучоци за собирање на отпадни води* | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Домаќинства | Комерцијални и институции | Домаќинства | Комерцијални и институции |
| Свети Николе | 11728 | 4304 | 350 | 3509 | 340 |
| Амзабегово | 428 | | | | |
| Ерџелија | 852 | | | | |
| Кадрифаково | 150 | | | | |
| Кнежје | 57 | | | | |
| Немајници | 75 | | | | |
| Мустафино | 400 | | | | |
| Горобинци | 602 | | | | |
| **Вкупно** | **14292** | **4304** | **350** | **3509** | **340** |

*Податоците се земени од Годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец"- Свети Николе за 2019 година

**Податоците се земени од Последниот попис од 2021 година

Според последниот попис од 2021 година може да се на прави поделба на домаќинствата во општината според начинот нас на снабдување со вода за пиење и типот на населеното место

*Табела 8 Начин на снабдување со вода за пиење во Општина Свети Николе*

| Начин на снабдување со вода за пиење во Општина Свети Николе | Вкупно домаќинства |
|---|---:|
| **ВКУПНО** | **5120** |
| Вода во станот со приклучок на јавен водовод | 4021 |
| Вода во станот со приклучок на сопствен хидрофор | 67 |
| Чешма во дворот приклучена на јавен водовод | 18 |
| Улична чешма со вода од јавен водовод | 27 |
| Улична чешма со вода од посебен извор | 232 |
| Копан бунар | 220 |
| Дупчен (цевчест) бунар | 52 |
| Цистерна (резервоар со вода) со филтер | 4 |
| Цистерна (резервоар со вода) без филтер | 7 |
| Вода во шишиња | 472 |
| Непознато | - |

Водоводната мрежа во Свети Николе има вкупна должина од 30.140km (вклучувајќи ги и главните доводни цевководи – 3,190km). Дополнително, во 2021 година е извршена изградба на дел од водоводна мрежа во село Крушица со вкупна должина од 746 m.

Дистрибутивна мрежа во Општина Свети Николе според материјалот на цевките се состои од:

*Табела 9 Дистрибутивна мрежа*

| Материјал | Должина (km) | % |
|---|---|---|
| Поцинкувани, Дуктилно железо | 1516 | 5.03 |
| Азбест цемент | 16218 | 53.81 |
| Полиетилен (HDPE, MDPE) | 4682 | 15.53 |
| Поливинилхлорид | 7724 | 25.63 |
| **Вкупно** | **30140** | **100.00** |

## 2.12 Канализација[3]

Постојниот систем за собирање и третман на отпадни води во Свети Николе е воспоставен и бил во функција повеќе од 45 години.

Пречистителната станица за третман на отпадните води не е во функција од 2010 година.

Канализациона мрежа е долга 21,93km (18,73 км на главна и секундарна канализација) и се состои од санитарна, атмосферска и комбинирана канализациона мрежа. Канализационата мрежа потекнува од различен временски период и најчесто е изградена од бетонски цевки.

*Табела 10 Типови на канализациони мрежи за урбани отпадни води*

| Бр. | Тип на канализациона мрежа | Должина (km) | (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | 21.93 | 92.22 |
| 2 | Одвоен систем за фекални води | 18.73 | 77.63 |
| 3 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | 3.0 | 14.59 |

Канализациониот систем ги собира отпадните води од домаќинствата, вкупниот фактуриран волумен на отпадни води е помал од вкупниот фактуриран волумен од водата за пиење, поради тоа што сите домаќинства и индустриски објекти не се приклучени на канализациониот систем.

## 2.13 Земјоделство

Една од главните развојни гранки во Општина Свети Николе е земјоделството, економското . Овчепослекиот регион изобилува со плодна почва, голем број на сончеви денови и систем за

[3] Годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец Годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец"- Свети Николе за 2019 година Inception Report (svetinikole.gov.mk)

наводнување. Со тоа се исполнети условите за одгледување на житни, индустриски и градинарски култури. Економското значење на земјоделството може да се види од неговото 38,8% учество во структурата на општествениот производ во општината, што претставува стратешки фактор за развој на целокупниот економски живот.

*Табела 11 Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години, по општини според НТЕС 2013*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделска површина (ha)** | 30522 | 30545 | 30503 | 30648 | 30471 |
| **Вкупна обработлива површина (ha)** | 11383 | 11406 | 11364 | 11509 | 11423 |
| **Ораници и бавчи (ha)** | 10243 | 10271 | 10219 | 10404 | 10343 |
| **Овоштарници (ha)** | 81 | 74 | 77 | 42 | 27 |
| **Лозја (ha)** | 585 | 587 | 594 | 589 | 579 |
| **Ливади (ha)** | 474 | 474 | 474 | 474 | 474 |
| **Пасишта (ha)** | 19114 | 19114 | 19114 | 19114 | 19023 |

*Табела 12 Преглед на површина и производство на лозја, по години, по општини, според НТЕС 2013*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Родна површина (ha)** | 585 | 587 | 594 | 589 | 579 |
| **Вкупен број пенушки во илјади** | 1903 | 1922 | 1915 | 1916 | 1876 |
| **Број на родни пенушки во илјади** | 1903 | 1922 | 1915 | 1915 | 1875 |
| **Вкупно производство (t)** | 4408 | 2518 | 3960 | 4301 | 4372 |
| **Производство (kg/ha)** | 7535 | 4290 | 6667 | 7303 | 7552 |

*Табела 13 Број на овошни стебла и производство на овошје, по години, по општини, според НТЕС 2013*

| | Цреши | Вишни | Кајсии | Дуњи | Јаболка | Круши | Сливи | Праски | Ореви | Бадеми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2018** | | | | | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 230 | 34695 | 1350 | 234 | 2170 | 2215 | 1015<br>0 | 330 | 536 | 250 |
| Број на родни стебла | 230 | 23548 | 1220 | 234 | 2170 | 2215 | 8767 | 330 | 536 | 250 |
| Вкупно производство во тони | 0 | 289 | - | 2 | 29 | 25 | 67 | 5 | 8 | 4 |
| Кг по стебло | 0 | 12 | - | 10 | 13 | 11 | 8 | 14 | 15 | 15 |
| | **2019** | | | | | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 230 | 34886 | 1425 | 234 | 1870 | 1915 | 8900 | 330 | 536 | 250 |
| Број на родни стебла | 230 | 34866 | 1350 | 234 | 1870 | 1915 | 6117 | 330 | 536 | 250 |
| Вкупно производство во тони | 3 | 148 | 24 | 1 | 10 | 10 | 82 | 1 | 8 | 2 |
## 5.2 SWOT анализа

SWOT анализата претставува методологија која се користи при подготовка на стратешки документи, во однос на утврдување на визијата, целите и активностите кои се во меѓусебна синергија.

Појдовна цел на оваа анализа е развој на Општина Свети Николе, преку максимално искористување на предностите и можностите кои ги има на располагање а во исто време да се минимизираат слабостите и опасностите со кои се соочува.

| Предности | Слабости |
|---|---|
| - Добра географска поставеност<br>- Сообраќајна поврзаност<br>- Поволна клима за развој на земјоделство, полјоделство, лозарство и сточарство<br>- Природни ресурси како вредности за економско искористување, претставени низ, расположливи површини со земјоделско земјиште и пасишта, и развиена биолошка разновидност<br>- Воспоставена локална инфраструктура (електрична енергија, водовод, атмосферска и фекална канализација, телефонија, интернет)<br>- Еколошки чиста и незагадена општина<br>- Потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија<br>- Квалификувана работни сила<br>- Добра покриеност со урбанистички планови (ГУП, ДУП)<br>- Богато културно наследство, археолошко и историско наследство<br>- Поволни услови за развој на индустријата и привлекување на странски инвестиции<br>- Развиена мрежа на Јавни објекти и институции<br>- Развиен граѓански сектор со голем број на невладини организации<br>- Одлична можност за развој на рурален туризам | - Намален прираст во изминатата деценија<br>- Голем степен на иселување на населението<br>- Недоволна соработка со земјоделците и неразвиена мрежа на земјоделци од Овчеполсиот регион<br>- Непланско производство на земјоделски производи<br>- Отсуство од собирни складишни центри за земјоделските производи<br>- Недоволна соработка со приватниот сектор<br>- Голем број на микро претпријатија, недостиг од поголеми инвестиции<br>- Застарена електродистрибутивна мрежа во руралниот дел од општината<br>- Отсуство од спортски и културни објекти<br>- Слабо развиена мрежа на занаетчии<br>- Не прилагодени образовни програми соодветни на потребите на бизнис заедницата<br>- Потреба од повеќе културни манифестации (Денови на Општина Свети Николе и сл.)<br>- Доста ниска финансиска и економска моќ на населението<br>- Нерешен проблем со депонирање на ѓубрето<br>- Лошо решено водоснабдување на земјоделските површини<br>- Неусогласеност на националните и локалните програми за развој<br>- Нема организиран јавен транспорт на ниво на општината |

| | |
|---|---|
| | - Нема организиран транспорт за регионална поврзаност<br>- Нелојална конкуренција – постоење на сива економија<br>- Слаба промоција на економските потенцијали на општината |
| **Можности** | **Опасности** |
| - Развој и промоција на трите постоечки технолошки индустриски развојни зони преку привлекување на странски инвестиции<br>- Развој на рурален и алтернативен туризам<br>- Можност за поголема промоција на археолошките локалитети како Голема можност за искористување на потенцијалот на обновливите извори на енергија, заради местоположбата на општината<br>- туристички атракции<br>- Изградба на собирен и преработувачки центар со складишта за земјоделските производи од целиот овчеполски регион, со што Општината ќе се позиционира како центар на овој регион<br>- Одлична можност на општината за соработка со 4 региони (Вардарски, Источен, Североисточен и Скопски регион)<br>- Можност за продолжување на традицијата и повторно заживување на текстилната индустрија<br>- Организирање на обуки за граѓаните од страна на Локалната самоуправа<br>- Користење на владини и меѓународни финансиски средства за локална инфраструктура и поддршка на МСП Секторот | - Брзото темпо на намалување на демографската слика во општината<br>- Напуштање на високо квалитетните земјоделски површини за поставување на електрични централи за искористување на обновливите извори на енергија (сонце и ветер)<br>- Недоволна заинтересираност и недоверба за интеракција на јавниот и приватниот сектор<br>- Временски непогоди кои негативно влијаат врз земјоделство, полјоделство, лозарство, сточарство и пчеларството<br>- Недоволна заинтересираност на населението да се насочи кон гранките земјоделство, полјоделство, сточарство итн<br>- Недостаток на кадри и заинтересираност за развој на текстилната индустрија<br>- Изумирање на стари занаети<br>- Можност за појава на Пандемија |

*Слика 6 SWOT анализа*

Според извршената анализа најголема пречка за искористување на силните страни и остварување на можностите кои ги нуди Општина Свети Николе е високиот и континуиран степен на иселување на работоспособното население и немањето на соодветни програми за привлекување на нови инвестиции кои би придонесле за отварање на нови работни места.

При привлекувањето на новите инвестиции Општината Свети Николе е непходно да ја искористи својата добра географска поставеност и да се позиционира како општина која е спој на 4 региони.

За побрз развој неопходно е да се искористат предиспозициите и потенцијалите со кои располага општината а тоа е правилно и планско искористување на висококвалитетната земјоделска површина. Развој и одгледување на нови земјоделски култури кои се повеќе се барани на пазарот на национално и интернационално ниво.

Општината потребно е да оформи програми за поголема соработка со приватните компании кои се во општината, со цел нивно задржување во склоп на општината.

| | Значајни | Малку значајни | Не значајни |
|---|---|---|---|
| Возможни | - Поволни услови за развој на индустријата и привлекување на странски инвестиции<br>- Потенцијал за искористување на обновливите извори на енергија<br>- Воспоставена локална инфраструктура (електрична енергија, водовод, атмосферска и фекална канализација, телефонија, интернет)<br>- Расположливи површини со пасишта за развој на сточарство: овчарство, говедарство, свињарство, живинарство и пчеларство<br>- Расположливи површини со обработливо земјоделско земјиште за одгледување на житни, раноградинарски, индустриски култури и лозарство<br>- Поволна клима за развој на земјоделство, полјоделство, лозарство и сточарство<br>- Планско производство на земјоделски производи<br>- Развој и промоција на трите постоечки технолошки индустриски развојни зони преку привлекување на странски инвестиции | - Развој на рурален и алтернативен туризам<br>- Можност за поголема промоција на археолошките локалитети како туристички атракции<br>- Организирање на обуки за граѓаните од страна на Локалната самоуправа<br>- Користење на владини и меѓународни финансиски средства за локална инфраструктура и поддршка на МСП Секторот | |
| Со мала веројатност да се случат | - Одлична можност за развој на рурален туризам<br>- Развиен граѓански сектор со голем број на невладини организации<br>- Развиена мрежа на Јавни објекти и институции | - Изградба на собирен и преработувачки центар со складишта за земјоделските производи од целиот овчеполски регион, со што Општината ќе се позиционира како центар на овој регион | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Поголема соработка со земјоделците и неразвиена мрежа на земјоделци од Овчеполсиот регион<br>- Прилагодување на образовни програми<br>- Зголемен прираст и намалена емиграција на населението<br>- Нерешен проблем со депонирање на ѓубрето<br>- | - Голема можност за искористување на потенцијалот на обновливите извори на енергија, заради местоположбата на општината<br>- | |
| Невозможни | | | |

## 5.3 Анализа и дефинирање на заинтересираните страни (Stakeholders)

Анализата на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните заинтересирани страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби. Целта на оваа анализа е да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните заинтересирани страни, да се дефинираат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

Резултатите од анализата на внатрешните/надворешните состојби претставуваат основа за сите други фази во стратешкото планирање, но и основа или појдовна точка за споредување и оценка на напредокот во спроведувањето на стратешкиот план и за негово ажурирање.

| **Заинтересирани страни** | **Нивен интерес** | **Капацитет / Мотивација** | **Поврзаност** | **Влијание врз планиран проект** |
|---|---|---|---|---|
| **Граѓани-невработени** | -Соодветно вработување<br>-Живеење во роден крај | -Ограничен капацитет<br>-Висока мотивација | -АВРМ<br>-Општина<br>-НВО | Корисници |
| **Приватен сектор сектор** | -Квалификуван кадар<br>-Поголем профит<br>-Подобри услови за водење на бизнисот | -Солиден капацитет<br>-Висока мотивација | -АВРМ<br>-Синдикат<br>-Регионални стопански комори<br>-Општина | Корисници, партнери и поддржувачи |
| **Локална и централна власт** | -Зголемен економски развој<br>-Намалено иселување на населението | -Солиден капацитет<br>-Висока Мотивација | -Приватен сектор<br>-АВРМ<br>-НВО | Спроведувач и корисник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Поголем буџет за спроведување на капитални проекти<br>-Подобар квалитет на живеење<br>-Добро организирана општина | | -Регионални стопански комори<br>-Граѓани | |
| **НВО сектор** | -Зголемен број на проекти и опстојување<br>-Проширена соработка | -Добар капацитет<br>-Висока мотивација | -Граѓани<br>-Општина<br>-Приватен сектор | Корисник, партнери, поддржувачи |
| **Регионална стопанска комора со седиште во Штип** | -Создавање на подобри услови на приватниот сектор<br>-Поголем број на членови | -Висок капацитет<br>-Висока мотивација | -Приватен сектор<br>-АВРМ<br>-Општина | Поддржувачи, партнери и корисници |
| **Занаетчии и Трговци поединци** | -Промоција на сопственото производство<br>-Пристап до информации<br>-Зголемен профит | -Добар Капацитет<br>-Недоволна мотивација | -АВРМ<br>-Општина<br>-НВО | Корисници и поддржувачи |
| **Земјоделци/сточари и сл.** | -Промоција и пласман на сопственото производство<br>-Зголемен профит<br>-Пристап до информации | -Добар Капацитет<br>-Недоволна мотивација | -Општина<br>-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>-Здруженија на земјоделци<br>-НВО | Корисници и поддржувачи |
| **Потенцијални инвеститори** | -Профит<br>-Проширување на своите капацитети | Висок капацитет<br>Висока мотивација | -АВРМ<br>-Општина<br>-Регионална стопанска комора | Корисници поддржувачи |

*Слика 7 Анализа на влијанието на засегнатите страни*

*Клучни учесници во Стратегијата за локален економски развој на Општина Свети Николе*

- Населението на Општина Свети Николе
- Општина Свети Николе - јавната администрација
- Приватен сектор ( микро, мали, средни, големи претпријатија)
- Занаетчии и трговци поединци
- Претприемачи и потенцијални заинтересирани инвеститори
- Регионалните стопански комори и асоцијации со седиште во општината
- Организации и здруженија на физички и правни лица со седиште во општината.
- Здруженија на граѓани, невладини организации и организации за поддршка на приватниот сектор со седиште во општината.
- Центар за развој на Вардарски плански регион

## 5.4 Анализа на испитување на јавното мислење

*Анкета*

Процесот на изработка на Стратегија за локален економски развој значи испитување на јавното мислење на сите чинители во општината, поточно вклучување на населението, бизнис заедницата и претставниците од јавните претпријатија и од општинската администрација.

Со цел да се добие јасна слика за економската состојба во општината за потребите на стратегијата спроведена е анкета и организиран е форум со слична тематика .

Анкета – испитување на јавното мислење беше спроведена на 2 начина по електронски пат и на терен. Анкетата вклучуваше 23 општи и специфични прашања.

Анализа на резултатите од анкетата:

Општ дел[10]

| | |
|---|---|
| Старосна структура | Најголем дел од испитаниците 43.1% се на возраст од 41 до 60 години,<br>39.2% од 21 до 40 години, помал процент 13.7% се над 60 години и<br>3.9% од 16 до 20 години. |
| Полова структура | 60.8% мажи<br>39.2% од испитаниците се жени |
| Образовна структура | 52.9% од учесниците во анкетата се со високо образование,<br>27.5% се со средно образование,<br>9.8% се со Виша школа (додипломски студии) и со После дипломски студии |
| Место на живеење | 88.2% од испитаниците се од урбаниот дел на општината<br>11.8% се рурален дел |

[10] Во Анекс 1 е даден извештај од спроведената анкета со графички приказ за секое прашање.

| | |
|---|---|
| Социјален статус | 82.4% се вработени<br>17.6% се невработени |
| Сопственост на компанијата во која сте вработен/а | 39.1% од испитаниците се вработени во приватна компанија<br>28.3% вработени во компанија во државна сопственост<br>17.4% сопствен – семеен бизнис /компанија<br>8.6% се пензионер<br>2.2% од испитаниците се вработени во: здружение на граѓани, ангажирани со договор на дело, студенти |
| Локација на компанијата | 95.4% од испитаниците се вработени во компанија која е лоцирана во Општина Свети Николе<br>4.6% се вработени во компанија лоцирана во друга општина |
| Сектор на компанијата (според Националната класификација) | 19% Трговија на големо и мало<br>16.7%Административни и помошни услужни дејности<br>9.5% Информации и комуникации<br>7.1% Прехранбена индустрија и Текстилна индустрија<br>4.8% Металопреработувачката индустрија, Образование, Други услужни дејности, Друго (не споменато)<br>2.4% Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување; Пожарна; Електроснабдување, дистрибуција на електрична енергија; Локална самоуправа; Производство и Продажба на мебел; Сточарство; Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината; Дејности во врска со недвижен имот; Стручни технички дејности |
| Вкупен број на членови | 52.9% во домаќинството се од 3 до 4 члена<br>31.4% се повеќе од 4 члена<br>15.7% се од 1 до 2 члена |
| Вкупни месечни примања во семејството | 62.7% се со вкупни месечни примања повеќе од 40.000 денари<br>27.5% се со примања од 20.000 до 40.000 денари<br>5.9% се со примања од 11.000 до 20.000<br>3.9% се со примања до 11.000 денари |

*Слика 8 Анализа на резултатите од анкетата – Општ дел*

Специфичен дел

| | |
|---|---|
| На прашањето како ја оценувате моменталната состојба на локалната економија во општината | 41.2% од испитаниците oцениле дека моменталната состојба е добра<br>31.4% сметаат дека е задоволителна<br>15.7% сметаат дека е лоша<br>5.9% ја оценуваат моменталната локална економија како солидна<br>5.9% испитаници одговориле дека е многу добра |
| Во однос на тоа дали испитаниците се запознаени со иницијативите на општината за подобрување на локалниот економски развој спроведени од страна на општината | 78.4% или повеќе од две третини од испитаниците не знаат кои иницијативи општината ги презема за подобар економски развој<br>21.6% од испитаниците се запознаени и ги навеле следните иницијативи:<br>- општинско корисна работа<br>- прашалник за инвеститори<br>- инфраструктура и вработување<br>- поправка на улици и патишта<br>- асфалтирање на улици и поставување на водоводна мрежа<br>- проект за млади<br>- обуки за граѓани |
| Поттикнување на економскиот раст и нови работни места испитаниците го гледаат преку развој на следните индустрии, | 1.Земјоделство, шумарство и рибарство<br>2.Прехранбената индустрија<br>3.Сточарството<br>4.Образование; Туризам<br>5.Текстилна индустрија<br>6.Уметност, забава и рекреација<br>7.Трговија на големо и трговија на мало<br>8.Транспорт и складирање; Стручни, научни и технички дејности; Дејности на здравствена и социјална заштита<br>9.Објекти за сместување и сервисни дејности со храна; Градежништвото<br>10.Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и Дејности за санација на околината; информации и комуникации; Други услужни дејности<br>11.Металопреработувачката индустрија<br>12.Дејности во врска со недвижен имот<br>13.Поправка на моторни возила и мотоцикли |

| | |
|---|---|
| Новоотворени компании во последните 3 години на територијата на Општина Свети Николе | Дури 62.7% од испитаниците одговориле негативно, поточно во последните три години ниту тие ниту пак некој што го познаваат има започнат нов бизнис во општината<br>37.7% потврдиле дека познаваат некој или пак самите тие отвориле компанија во општината. |
| Новоотворениот бизнис припаѓа во областа: | 1.Трговија на големо и трговија на мало<br>2.Земјоделство, шумарство и рибарство<br>3.Текстилна индустрија<br>4.Прехранбена индустрија; Туризам<br>5.Градежништво; Информации и комуникација; Уметност, забава и рекреација; Угостителство; и Сточарство |
| | |
| Во однос на вложените инвестиции за подобрување на инфраструктурата во Општина Свети Николе за последните 5 години, испитаниците ги дале следните видувања: | 29.4% сметаат дека нивото на инвестирање во инфраструктурата во последните 5 години е доста солидно<br>27.5% сметаат дека е на задоволително ниво<br>7.8% оцениле инвестициите во инфраструктурата се незадоволителни<br>5.9% се многу задоволни од инвестициите во инфраструктурата |
| Од особена важност е мислењето на испитаниците во процесот на градација на стопанските индустрии во општината според придонесот на секоја од индустриите во развојот на локалната економија | 1.Земјоделство, шумарство и рибарство<br>2.Прехранбената индустрија<br>3.Сточарство<br>4.Текстилна индустрија<br>5.Трговија на големо и мало; Туризам<br>6.Градежништво<br>7.Објекти за сместување и сервисни дејности со храна<br>8.Инфромации и комуникации; Образование<br>9.Металопреработувачка индустрија; Транспорт и складирање; Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад; Други услужни дејности<br>10.Стручни, научни и технички дејности; Дејности на здравствена и социјална заштита; Уметност, забава и рекреација<br>11.Поправка на моторни возила и мотоцикли; Дејности во врска со недвижен имот |

| | |
|---|---|
| Вистинските можности за развој на општина Свети Николе и утврдување на силните страни со кои располага општината, | 1.Добра географска и сообраќајна пристапност на општината; Земјоделство<br>2.Полједелство<br>3.Потенцијали за развој на обновливи извори на енергија<br>4.Сточарство; Воспоставена локална инфраструктура (електрична енергија, водовод, атмосферска и фекална канализација, телефонија и интернет)<br>5.Поволна клима и расположливи природни ресурси<br>6.Културно наследство<br>7.Квалификувана и професионална работна сила; Приватен сектор<br>8.Урбани планови (ГУП, ДУП)<br>9.Развиена мрежа на јавни објекти и институции<br>10. Развиен граѓански сектор невладини организации (НВО); Спорт (летен/зимски)<br>11.Сместувачки капацитети за туристи |
| | 1.Земјоделство и рурален развој<br>2.Економија, МСП, индустрија, иновации, создавање на нови работни места и нови претпријатија<br>3.Инфарструктура (патишта, водовод и канализација, осветлување)<br>4.Млади, спорт, рекреација<br>5.Животна средина и одржлив развој<br>6.Човечки капитал<br>7.Соработка со бизнис заедницата<br>8.Енергетска ефикасност и алтернативни обновливи извори на енергија; Подобрување на квалитет на образование и детска заштита (градинки)<br>9.Развој на туризам<br>10.Подобрување на социјална и здравствена заштита на граѓаните; Култура<br>11.Урбанизам и просторно планирање (предвидување на нови урбани содржини)<br>12. Сообраќај и урбана мобилност (користење на различни видови транспорт во урбаниот дел од општината)<br>13.Соработка со граѓански организации<br>14.Развој на туризам |

*Слика 9 Анализа на резултатите од анкетата – Специфичен дел*

Во сетот отворени прашања насочени кон испитаниците за давање предлози на Општината со цел подобро планирање на локалниот развој во следниот 5 годишен период:

- Испитаниците како приоритетна област го наведуваат земјоделството: континуирана непосредна соработка со земјоделците, изготвување на програми и обуки за земјоделците, создавање стратегија за искористување на потенцијалот со кој располага општината, помош на младите земјоделци со конкретни локални мерки, поддршка при подготовка на потребните документи за искористување на грант – програмите
- Вториот приоритет според резултатите од спроведеното јавно истражување е привлекување на странски инвестиции кои би придонеле кон подобра економска состојба и подобрување на демографската слика во општината
- Трет приоритет е поголема насоченост на општината кон стимулативни мерки наменети само младите, да се спроведат програми за поголем ангажман, вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки, стимулативни мерки за младите кои започнуваат нови бизниси во рамки на општината
- Четврт приоритет се:
    1. Подобрување на состојбата на постоечката индустриска зона, поголема промоција за поволностите кои ги имаат новите инвестиции, поголема соработка со општините кои имаат добро разработена индустриска зона,
    2. Издигнување на културата на повисоко ниво, организација на културни манифестации кои ја отсликуваат автентичноста на општината
    3. Подобрување на инфраструктурата во урбаниот и руралниот дел од општината: поправка и редовно одржување на патиштата, решавање на проблемот со паркинг просторот, тротоари, терени за рекреација.
    4. Нови вработувања, преку непосредна соработка со приватниот сектор, поттикнување и поддршка на приватниот сектор во организација на обуки, организација на средби помеѓу граѓаните и компаниите.
- Петтиот приоритет се однесува на
    1. Соработка со жителите на општината за утврдување на реалните потреби, дефинирање на услови за економско јакнење на жените во (градинки или дневни центри во урбани и рурални средини
    2. Сообраќајни решенија во кои ќе биде дефинирана мобилноста за урбаниот дел со цел намалување на загадувањето на воздухот
    3. Транслација на програмите за субвенционирање на купување на велосипеди и е-мопеди.
- Останатите приоритети според испитаниците се однесуваат на:
    - ➢ Програми за проценка, поттикнување и поголемо искористување на сточарските потенцијали со кои располага општината
    - ➢ Поголеми инвестиции во искористување на обновливите извори на енергија
    - ➢ Целосна департизација на јавните институции и креирање на мерки и можности за вработување на соодветен кадар согласно стручната подготовка.

*Форум*

Во рамки на процесот истражување и анализа на моменталните состојби во Општина Свети Николе и за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Свети Николе, беше организиран форум. На форумот учествуваа претставници од општинската администрација , локалната бизнис заедница, претставници од НВО секторот и претставници од јавни објекти, вкупно учествуваа 20 лица. Форумот беше осмислен на тој начин што на едно место да се соберат сите чинители во локалната економија, и да се отвори дискусија на која ќе можат да се разработат детално проблемите и недостатоците кои влијаат директно врз локалниот економски развој. Воедно да се дадат препораки за олеснување на целокупното заедничко функционирање во Општината.

Заклучоците кои произлегоа од форумот се:

- Локалните бизниси се голем дел семејни бизниси, како мали и микро претпријатија
- Неопходно ревитализација и развој и земјоделството, сточарството, полјоделството и пчеларството – како клучни стопански гранки
- Стратегија за задржување на младите и намалување на емиграцијата на населението
- Помош и поголема соработка на општината со локалните бизнис, со цел поттикнување на вмрежувањето
- Промоција и привлекување на нови инвестиции.
- Воведување на локален и меѓуградски превоз, за полесна комуникација на населението.

# 6 Стратешки приоритети и цели на општината;

Стратешките приоритети на Општина Свети Николе произлегуваат од направените анализи и направените истражувања:

1. Зајакнување на локалната економија преку поддршка на приоритетните сектори
2. Подобрување на инфраструктурата за поттик и развој на локалниот економски развој
3. Непречена и непрекината соработка со приватниот сектор
4. Инвестициска промоција на општината пред домашни и меѓународни институции
5. Одржлив развој на општината и подобрување на условите на населението со посебен осврт на областите социјална инклузија, технолошки образование, култура, туризам, спорт, заштита на животна средина
6. Зголемена заштита на животната средина преку користење на технологиите за искористување на обновливите извори на енергија и зголемена енергетска ефикасност
7. Промоција на општината преку подобрување на туристичките и археолошки капацитети.

Остварувањето на стратешките приоритети потребно е да се спроведат следните цели:

1. Подобрување на економската состојба во општината преку поддршка на секторот земјоделие, спроведување на соодветни програми за земјоделците, поддршка при продажба на земјоделските производи, создавање на услови за отворање на капацитети за преработка и складирање на производите на регионално ниво.
2. Обновување на постоечката и создавање нова транспортна, комунална и енергетска инфраструктура во целата општина, особено кон пристапите со другите општини од 4 региони со кои граници општината. Развојот на патната инфраструктура е фокусиран кон овозможување услови за транспорт и извозни дејности на стопанскиот сектор, и кон побрзо движење на населението за дневните потреби од руралните и урбаните делови во општината: доизградба и реорганизација на сообраќајна мрежа во населените места, изградба на сервисни улици, како и асфалтирање на патната мрежа каде што тоа е потребно.
3. Континуирана соработка со приватниот сектор, организирање на постојани средби со приватниот сектор со цел јакнење на капацитетите на компаниите, подобар тек на информации до финансиски и нефинансиски бенефити наменети за компаниите, во координација со приватниот сектор да се спроведуваат наменски обуки на населението за да се помогне на двете засегнати страни .
4. Создавање на услови за привлекување на нови инвестиции во општината, отворање на нови компании и посредување при вработувањето на лица од општината со тоа директно да се влијае кон намалување прво на бројот на иселени лица, а второ намалување на број на невработени лица.
5. Подобрување на животните услови на граѓаните на општина Свети Николе преку предлагање и преземање на низа активности кои би ја подобриле целокупната состојба во општината.

# 7 Усогласеност на стратешките приоритети со релевантните европски, национални, регионални, владините и локалните стратешки документи.

При изработката на Стратегијата за локален економски развој на Општина Свети Николе со цел вертикална и хоризонтална усогласеност, анализирани се и се земени во предвид приоритетите на европската комисија за периодот 2019-2024 и заедничката енергетска и климатска Стратегија 2030 на Европската унија за периодот 2020-2030, стратешките планови на национално и регионално ниво како и програмите на локално ниво.

## 7.1 Усогласеност со европските стратешки документи

1. Стратегија на ЕУ 2030

Стратегијата 2030 на ЕУ има за цел основање Енергетската унија која се заснова на постојната енергетска политика на ЕУ, вклучувајќи ја рамката за енергетска и климатска политика до 2030 година и стратегијата за енергетска безбедност.
Комисијата подготви план за Европската енергетска унија, кој ќе обезбеди безбедна, достапна и еколошка енергија за граѓаните и бизнисите на ЕУ. На овој начин ќе се овозможи слободен проток на енергија преку националните граници во ЕУ.

Политички мерки кои ќе обезбедат постигнување на целите се:

- Реформа на системот за тргување со емисии на стакленички гасови (ETS).
- Воведување нови показатели за конкурентност и безбедност на енергетскиот систем. (Примери, разлика во цената помеѓу главните играчи, диверзификација на понудата и капацитетот за поврзување помеѓу членките на ЕУ).
- Нов лидерски систем заснован на национални планови за конкурентен, безбеден и ефикасен енергетски пазар.

Овие планови, засновани на европските насоки, ќе бидат изразени со цел да се овозможи поголема сигурност кај инвеститорите, поголема транспарентност и подобрување на кохерентноста на политиките, како и подобрување на координацијата низ ЕУ.

Цели за 2030 година:

- Намалени емисии на стакленички гасови за 40% во споредба со нивоата измерени во 1990 година.
- Најмалку 27% од потрошената енергија треба да се генерира од обновливи извори.
- Најмалку 27% заштеда во потрошувачката на енергија во споредба со сценариото „бизнис како и обично“.

Од друга страна Европската Комисија за периодот 2019-2024 ги има дефинирани следните 6 приоритети:

1. Европски зелен план
2. Европа е подготвена за дигиталната ера
3. Економијата во интерес на граѓаните
4. Посилна Европа во светот

5. Промовирање на европскиот начин на живот
6. Нов поттик за европската демократија

Свесноста за присутноста на климатските промени, енергетскиот предизвик, промовирање на зелениот план и европските вредности, преку утврдените приоритети претставува водечка цел на Интегрираниот план за локален развој на Општина Свети Николе, за да може нивната реализација да обезбеди значителен развој на земјоделскиот сектор и руралните средини и постигнување економски раст преку заштита на животната средина, а со тоа и подобрување на условите за живот и зголемување на животниот стандард во општината.

## 7.2 Усогласеност со Национални стратегии

При анализирање на релевантните национални стратешки документи, основна појдовна точка беше дека националните стратегии и останати документи се во согласност со погоре наведените цели и иницијативи на Европската Унија.
Предмет на анализа и усогласување беа следните документи:

1. **Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021-2031 година**

*Стратешка цел 1*: Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции

Приоритет 1.1: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој

Приоритет 1.2: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот

Приоритет 1.3: Изградба на транспортна, телекумуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони

Приоритет 1.4: Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и развој на индустријата

Приоритет 1.5: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал

Приоритет 1.6: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус

*Стратешка цел 2:* Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението

Приоритет 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби

Приоритет 2.2: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање

Приоритет 2.3: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони

Приоритет 2.4: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони

Приоритет 2.5: Развој на основното и средното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд

Приоритет 2.6: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и противпожарната заштита

*Стратешка цел 3*: Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво

Приоритет 3.1: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој

Приоритет 3.2: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување за постигнатите резултати

Приоритет 3.3: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката за рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети од оваа Стратегија се однесуваат директно на регионите во Република Северна Македонија. Меѓутоа, подеталната анализа сугерира дека не е возможно ни да се размислува за регионален, па уште и рамномерен развој без развој на секоја општина поодделно. Посебно Приоритетот 2.1: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби, се однесува директно на подрачја кои се составен дел од општините, вклучително и Општина Свети Николе.

## 2. Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година

*Стратешки цели:*

1. Подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор,
2. Економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,
3. Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите и
4. Обезбедување на одржлив развој на руралните средини.

Специфични цели од оваа Стратегија:

Стратешка цел 1: Одржлив развој и обезбедени инвестициски можности на стратешките економски гранки: земјоделие и рурален развој

Стратешка цел 2: Создавање на подобри услови за постоечките ММСП и привлекување на нови инвестиции од Република Македонија и од странство

Стратешка цел 3: Подобрување на квалитетот на живеење преку социјална инклузија на младите, невработените и социјално ранливите лица

Стратешка цел 4: Современа урбана и рурална инфраструктура, урбанистичко планирање и подобрување на условите во јавните институции во согласност со потребите на населението

Стратешка цел 5: Промоција на културни манифестации и развој на одржлив туризам

3. **Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018 – 2023)**

Конкурентните МСП се двигатели на инклузивен економски раст и на создавање продуктивни и пристојни работни места и затоа приоритетите на Интегрираниот план за локален развој на Општина Свети Николе се во директна врска во целост со програмите од првите два (од трите) столба/цели: Стратешка цел 1 – Поволно деловно опкружување, Стратешка цел 2 – Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП, Стратешка цел 3 – Динамичен екосистем на претприемништво и иновации) и со некои од програмите во третиот столб.

**Програма за развој на Вардарски плански регион 2021 - 2026**
Со оглед на тоа што општината Свети Николе е дел од Вардарскиот плански регион, дел од целите за развој на регионот и општината се хармонизирани едни во други:

**Среднорочна цел бр. 1: Унапредување на инфраструктурата во регионот**

- Развој на комунална инфраструктура (целосна покриеност на населените места со водоводна мрежа, санирање на диви депонии и решавање на проблемот со отпадот, изработка на проектна документација за комунална инфраструктура)
- Унапредување и модернизација на енергетска инфраструктура
- Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност (изработка на инфраструктурни проекти за патишта, изградба на регионални и локални патишта)
- Подобрување на инфраструктура поврзаа со туризмот (изработка на проекти за развојна туристичка инфраструктура, поголема достапност до туристичките и излетничките места)
- Подобрување на инфраструктурата во јавните објекти.

**Среднорочна цел бр. 2: Унапредување на економскиот развој во регионот**

- Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието (поддршка на земјоделците во однос на планско производство, едукација на земјоделците за користење на нови технологии, поддршка при користење на инвестиционите фондови)
- Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот (поттикнување и промоција на руралниот и транзитниот туризам)
- Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места (привлекување на странски и домашни инвестиции, соработка и поддршка со бизнис заедницата).

**Среднорочна цел бр. 3: Заштита на животна средина во регионот**
- Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност
- Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот

**Среднорочна цел број 4: Зајакнување на човечките потенцијали**
- Квалификација на работната сила (изработка на студија за потребите на работодавачите од работна сила во регионот, програми за преквалификација на работната сила)

**Среднорочна цел бр. 5: Задржување на младите во Регионот**
- Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот.

# 8 Преглед на групирани проекти (иницијативи) кои се во функција за остварување на приоритетите и целите со финансиски проекции за трошоците и планираните извори на средства за нивна реализација и индикатори за успешност со чија помош ќе се мери степенот на реализација на проектите и напредокот во остварување на приоритетите и целите согласно Акцискиот план за планираниот период и нивна усогласеност со индикаторни вредности со Годишните програми на Општина Свети Николе.

## 8.1 Стратешки цели на Општина Свети Николе

Стратешка цел 1: Одржлив развој и обезбедени инвестициски можности на стратешките економски гранки: земјоделие и рурален развој, преработувачка индустрија

Стратешка цел 2: Создавање на подобри услови за постоечките ММСП и привлекување на нови инвестиции од Република Македонија и од странство

Стратешка цел 3: Подобри услови за живот и стандард на сите граѓани преку социјална инклузија на младите, невработените и социјално ранливите лица

Стратешка цел 4: Современа урбана и рурална инфраструктура, урбанистичко планирање и подобрување на условите во јавните институции во согласност со потребите на населението

Стратешка цел 5: Промоција на културни манифестации и развој на одржлив туризам

**Стратешка цел 1: Одржлив развој и обезбедени инвестициски можности на стратешките економски гранки: земјоделие и рурален развој**

<u>Приоритет: Подобрување на состојбата во земјоделието, сточарството, полјоделството и пчеларството</u>

Развојот на овие приоритетни области е клучен за економскиот напредок на општината. Општина Свети Николе го зазема централниот дел од Овче Поле со тоа нејзината главна предност за развој е плодната почва и климата.

Основната цел е подобрување на моменталната состојба на лицата чија главна дејност е токму во овие области. За да се постигне целта се предвидуваат неколку чекори кои општината може да ги преземе:

*Активност 1:* Изработка на регистар на активни земјоделци, полјоделци, сточари, пчелари и семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи кои се со место на живеење во општината

*Активност 2:* Спроведување на активности за поддршка на земјоделци, полјоделци, сточари, пчелари и семејни винарии, мали капацитети за обработка на земјоделски производи. Активностите се предвидува да се спроведуваат периодично во текот на целата година - целта на активностите е преку организирани состаноци да се дава стручна помош и да се информираат присутните за програми за финансирање, пазари за пласман на производите, помош при подготовка на документи за пријавување на програмите за финансирање, помош при временски непогоди.

*Активност 3:* Организација на промотивни денови на производите од земјоделието, полјоделството, сточарството, пчеларството и семејни винарии.

*Активност 4:* Поддршка на компании и земјоделци при аплицирање на средства од ИПАРД програмата.

**Стратешка цел 2: Создавање на подобри услови за постоечките ММСП и привлекување на нови инвестиции од Република Македонија и од странство**

Приоритет 1: Соработка со постоечкиот бизнис сектор

*Активност: Подобрување на деловното вмрежување преку општина Свети Николе*

Општина Свети Николе е посветена на поттикнување на просперитетна и динамична локална бизнис заедница. За да се постигне оваа цел, предлагаме имплементација на сеопфатна иницијатива за вмрежување за деловни цели. Оваа иницијатива има за цел да олесни подобра комуникација, соработка и споделување на знаење меѓу локалните бизниси и претприемачи. Потребата за мерката произлегува од самата бизнис заедница, преку директно комуницирање со локалните компании и преку фокус групата која беше организирана за изработка на оваа стратегија.

**Создавање на online бизнис центар како дигитална алатка (пр. https://business.gazibaba.gov.mk/mk/) -** Еден од централните столбови на оваа мерка е создавање на наменски Бизнис центар на официјалната веб-страница на општината.

Овој центар ќе служи како едношалтерска дестинација за сите релевантни информации, ресурси и упатства што можеби ќе им бидат потребни на локалните бизниси. Ќе биде дизајниран да биде лесен за корисниците, интуитивен и информативен, обезбедувајќи претприемачите да можат лесно да пристапат до поддршката што им е потребна. На пример, во овој Бизнис центар ќе има основни економски показатели на општината, ќе бидат дефинирани можностите но и препораките за водење на бизнис, ќе содржи прирачници за инвеститори, гринфилд локации и слично.

**Главни карактеристики на Бизнис центарот - *Ресурси и насоки*** - Бизнис центарот ќе обезбеди пристап до основните ресурси како што се дозволите, информациите за лиценцирање, регулаторните упатства и алатките за развој на бизнисот. Ова ќе го поедностави процесот за претприемачите кои сакаат да основаат или да ги прошират своите бизниси во општината.

***Регистар на заинтересирани компании*** - За да се олеснат редовните можности за комуникација и вмрежување, предлагаме формирање на регистар на заинтересирани компании. Бизнисите можат да се одлучат да се приклучат на овој регистар, овозможувајќи и на општината да се вклучи со нив преку редовна електронска пошта и други канали за комуникација. Ова ќе создаде вредна база на

податоци за локалните претпријатија, што ќе го олесни ширењето на информациите и координирањето на иницијативите.

***Настани и работилници*** - За да се поттикне вмрежувањето и размената на знаење, општината ќе организира серија настани, вклучувајќи состаноци бизнис-бизнис (B2B), семинари, работилници и панел дискусии. Овие настани ќе обезбедат платформа за претприемачите да се поврзат, да учат едни од други и да истражуваат потенцијални соработки.

**Придобивки од иницијативата за вмрежување - *Зајакната локална економија*** - со олеснување на вмрежувањето и соработката меѓу бизнисите, оваа иницијатива ќе придонесе за растот и одржливоста на локалната економија. Посилни бизниси како резултат на овој Бизнис центар ќе значат зголемени можности за работа, подобрени услуги и повисок квалитет на живот за нашите жители.

***Поедноставување на процедурите*** – Бизнис центарот ќе ги поедностави административните процедури, со што ќе им олесни на претприемачите да се движат низ регулаторниот пејзаж и да започнат или да ги прошират своите бизниси со доверба кон локалните институции.

***Споделување на знаење*** - Преку настани и работилници, сопствениците на локални бизниси ќе имаат можност да ги споделат своите искуства и согледувања, поттикнувајќи ја иновативноста и одржливоста во деловната заедница.

***Зголемена видливост*** - Да се биде дел од деловниот регистар на општината ќе ја подобри видливоста на локалните компании, потенцијално привлекувајќи инвеститори и клиенти од внатре и надвор од регионот.

*Иницијативата „Подобрување на деловното вмрежување“ претставува значаен чекор кон создавање на просперитетен и меѓусебно поврзан локален деловен екосистем. Со формирањето на Бизнис центарот, водење регистар на заинтересирани компании и организирање настани за вмрежување, ќе се обезбедат потребните алатки и можности за раст на деловната заедница. Оваа иницијатива ќе биде од корист за индивидуалните претпријатија, а дополнително ќе придонесе и за севкупниот раст и просперитет на општината.*

Приоритет 2: Намалување на невработеноста и насочени вработувања преку организирање на Денови на кариера

*Активност:* Подготовка на заеднички план/програма на општината и бизнис секторот за организирање на Денови на кариера за невработените лица

Општина Свети Николе активно спроведува активности кои се насочени кон невработените лица од самата општина. Со оваа активност се предлага Општината во непосредна комуникација со бизнис заедницата да направат план /програма за организирање на Денови на кариера. Притоа секој ден може да биде опфатена различна индустриска област. Деновите на кариера ќе нудат можност да се направат неформални средби/интервјуа бизнис секторот и невработените. Придобивките од настанот ќе бидат поголема промоција и отвореност на бизнис секторот, можни вработувања после настанот и намалена стапка на невработеност во општината.

Приоритет 3: Привлекување на нови домашни и меѓународни инвестиции

*Активност:* Инвестициска промоција на општината пред домашни и меѓународни институции

За да се привлечат странските компании потребно е Општината да изготви детален план за поголема промоција на постоечките индустриски зони во кој ќе бидат наведени сите бенефити за компаниите. Како предност би се земало новиот автопат кој ја поврзува општината со повеќе општини и градови.

За потребите на промоцијата ќе биде изработен водич за погодни индустрии кои може да се развиваат во општината и регионот, а ќе ги содржи и предностите кои ги нуди општината. форма.

**Стратешка цел 3: Подобрување на квалитетот на живеење преку социјална инклузија на младите, невработените и социјално ранливите лица**

Приоритет 1: Намалување на миграцијата на младите

*Активност 1:* Стратегија за поддршка на младите

*Активност 2:* Кампања за подигање на свеста кај младите за користење на активните мерки од Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот

*Активност 3:* Помош на младите за влез на пазарот на трудот, преку одржување на Обуки и работилници за изработка на биографија и мотивационо писмо и запознавање со правата од работен однос

Приоритет 2: Поддршка на младите и спортот

*Активност 1:* Спортски активности

*Активност 2:* Поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и на училишниот спорт

*Активност 3:* Поддршка на млади и младинско учество

Приоритет 3: Социјални програми

*Активност 1:* Изработка на електронски информатор „Е-информатор“ за социјална заштита.

*Активност 2:* Локално координативно тело за жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство.

*Активност 3:* Програми за активно и здраво стареење: Соработка со центарот за социјални работи со цел обезбедување на нега на стари лица во домашни услови.

*Активност 4:* Намалување на социјално загрозените семејства преку сезонски ангажман на лицата.

*Активност 5:* Проширување на проектот „Народна кујна“ во руралните места.

*Активност 6:* Изградба на детска градинка во село Ерџелија

*Активност 7:* Поддршка на стари занаети

**Стратешка цел 4: Современа урбана и рурална инфраструктура, урбанистичко планирање и подобрување на условите во јавните институции во согласност со потребите на населението**

Приоритет 1: Патна инфраструктура

*Активност 1:* Санација, реконструкција и редовно одржување на постоечките сообраќајници во урбаниот и руралниот дел

*Активност 2:* Изработка на проекти за нови сообраќајници и нивна изградба во урбаниот и руралниот дел

*Активност 3:* Изработка на проект за решавање на проблемот со просторот за паркирање во урбаниот дел

Приоритет 2: Енергетска инфраструктура

*Активност 1:* Санација и редовно одржување на постоечката енергетска инфраструктура на системот за улично осветлување и осветлување на јавни површини

*Активност 2:* Обновливи извори - Поставување на фотоволтаични системи за производство на електрична енергија на крововите од јавни згради во Општина Свети Николе

Приоритет 3: Комунална инфраструктура

*Активност 1:* Санација, реконструкција и редовно одржување на постоечката водоводна и одводна инфраструктура

*Активност 2:* Изработка на проектна документација за нова водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура

*Активност 3:* Изградба на нова водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура

*Активност 4:* Чистење и санација на речното корито на Светиниколска река и на Горобинска река

*Активност 5:* Санација и одржување на постоечката атмосферска канализација

*Активност 6:* Изработка на физибилити студија, изработка на идеен и главен проект како понатамошна алатка за аплицирање на средства за финансирање и кофинансирање како и подготовка на тендерска документација за реконструкција на главниот колектор во Град Свети Николе, изградба на колектор долж река Периш како и Пречистителна станица во Овче Поле коишто би ги опфатила фекалните води од – Град Свети Николе, индустриските зони (пред се индустриска зона ЈУГ и индустриска зона Овче Поле) и економските/индустриските објекти и руралните области (с. Ерџелија, с. Г. Црнилиште, с. Д. Црнилиште, с. Амзабегово с. Пеширово и с. Горобинци коишто имаат изградена фекална канализација но немаат Прочестителна станица како и за останатите рурални населби за коишто постои техничка документација за изградба на канализациона мрежа: с. Мустафино, с. Кадрифаково, с. Сопот, с. Кнежје, с. Преод, с. Трстеник).

Приоритет 4: Подобрување на условите во јавните институции во согласност со потребите на населението

*Активност 1:* Реконструкција на постоечките јавни објекти

*Активност 2:* Спроведување на мерки за енергетска ефикасност во јавните објекти

*Активност 3:* Подобрување на пристапноста во јавните институции, поставување на пристапни рампи и сл.

Приоритет 5: Одржлив развој на општината

*Активности 1:* Проширување на мрежата за собирање на отпад во општината

*Активност 2:* Студија за систем за справување со отпад на целата територија на општината со целосна организација на селектирање, транспорт и рециклирање на отпадот од страна на заинтересирани претпријатија (договор за услуги, концесија)[11]

*Активност 3:* Спроведување на активностите предвидени во стратешкиот документ Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП) на Општина Свети Николе

*Активност 4:* Уредување и одржување на јавни површини

**Стратешка цел 5: Промоција на културни манифестации и развој на одржлив туризам**

Приоритет 1: Промоција и организирање на културни манифестации во општина Свети Николе

*Активност 1:* Изработка на годишна програма за културни манифестации, во соработка во НВО секторот и со Месните заедници

*Активност 2:* Изработка на методологија за поголема промоција на културните манифестации и настани (социјални медиуми, изработка на промотивни материјали во електронска и печатена верзија)

*Активност 3:* Вклучување на бизнис секторот во настаните

Приоритет 2: Развој на туризам

*Активност 1:* Развој на рурален туризам:

- Подигање на капацитети на локално население за развој на рурален туризам
- Одржување на манифестација за органски производи

*Активност 2:* Подобрување на инфраструктурата до и околу постоечките археолошки локалитети, простори за рекреација и излетнички места

*Активност 3:* Изработка на проект за приспособување на просторот окоу езерото Мавровица за рекреативни цели

*Активност 4:* Расчистување и целосно уредување на просторот околу езерото Мавровица

[11] План за управување со отпад со програма за Општина Свети Николе за период 2019-2024 година

## 8.2 Финансиска поддршка и пристап до финансии

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисите се ограничени и не се доволно транспарентни во однос на условите и програмите кои ги нудат.

Банките кои имаат свои експозитури во општината имат своја свои кредитни линии на кредитирање на стопанските субјекти, а одобрувањето на кредитите во голема мера зависат од бонитетот на претпријатието. На новите претприемачи особено им недостигаат информации за потенцијалните извори на финансирање.

Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб-страницата на општината.

Постоењето на национални програми за финансиска поддршка на претпријатијата се од голема важност за пристапот до финансии од страна на претпријатијата. Такви се Фонд за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување, Министерство за економија и сл.

Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро, мали, средни и големи претпријатија. Такви програми се ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ но и прекуграничните програми во кои можат претпријатијата да аплицираат или да се вклучат како партнери.

Деловната заедница во општина Свети Николе има пристап до извори на финансирање и преку следниве институции на национално ниво:

- Општина Свети Николе - сопствени финансиски средства 405.864.490 денари со период на достапност од 2023 година.
- ЈПП модел - сопствени средства/приватен капитал, финансиската рака е во зависност од договорите.
- Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk) која ги нуди следниве услуги: Финансирање на развојот на македонското стопанство; Финансирање на инфраструктурата; Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во РСМ; Поттикнување на извозот; Поттикнување на заштита на животната средина; Осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и Поддршка на регионалниот развој.
  Производи кои ги нудат се:
  1. Кредити за агросектор – КФ (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk): Кредитите за прозводство, преработка и извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки се наменети за поддршка на микро, мали и средни претпријатија кои се занимаваат со примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и откуп и извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки. Наменети се за набавка на основни и обртни средства, со фиксна годишна каматна стапка 1%.
  2. ЕИБ 6 кредитната линија (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk) – обезбедува кредити за трајни обртни средства и за инвестиции за МСП. Каматната стапка за крајниот корисник изнесува до 1,6% годишно. Износот на оваа кредитна линија е 100 милиони евра.

3. Кредити за агросектор-ЗКДФ (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk)) - Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд – ЗКДФ, обезбедува кредити за примарно земјоделско производство, за преработка на земјоделски производи и за извоз на земјоделски производи и нивни преработки. Каматната стапка за крајниот корисник изнесува од 4% до 6,5% годишно.
4. Бескаматна кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки учеснички (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk) - Со цел намалување на последиците од светската енергетска и економска криза креирана е посебна кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки учеснички
5. ЕИБ 7 кредитна линија (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk)) - ЕИБ 7 кредитната линија обезбедува кредити за трајни обртни средства и за инвестиции за МСП и за mid-cap компании односно средно-пазарнокапитализирани компании, вклучително и зелена транзиција. Каматната стапка за крајниот корисник изнесува до 3,5% годишно. Износот на оваа кредитна линија е 100 милиони евра.
6. ЕИБ 5 кредитна линија (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk)) - ЕИБ 5 кредитната линија обезбедува кредити за трајни обртни средства и за инвестиции за МСП. Каматната стапка за крајниот корисник изнесува до 1,6% годишно. Износот на оваа кредитна линија е 100 милиони евра.
7. Кредит за трајни обртни средства од РБСМ (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (mbdp.com.mk)) - Средствата од кредитите се одобруваат за поддршка на трговските друштва за трајни обртни средства. Износ на поединечен кредит од 30.000 до 300.000 евра.

- Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (EBRD project finance) банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија. Комерцијалните банки кои имаат свои филијали во општина Свети Николе: Халк банка А.Д. Скопје (www.halkbank.mk), Комерцијална банка А.Д. Скопје (www.kb.com.mk), НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (www.nlbtb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Скопје (www.stb.com.mk), Уни банка А.Д. Скопје (www.unibank.com.mk), а на располагање се и другите банки: Стопанска банка А.Д. Битола (www.stbbt.com.mk), Силк Роуд Банка (www.silkroadbank.com.mk), Шпаркасе банка А.Д. Скопје (www.sparkasse.mk), Централна Кооперативна банка А.Д. Скопје (www.ccbank.mk).
- Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија (АППРМ) (www.apprm.gov.mk), се стреми кон спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, малите и средни бизниси и промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка. Финансиски форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство: кофинансирање договорени проекти за потребите на Агенцијата кои се спроведуваат преку институционалната инфраструктура на претприемачки центри; кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори; кофинансирање после дипломски студии од областа на претприемништвото.
- Агенција за вработување на Р. Македонија (АВРМ) (Програми за вработување (av.gov.mk)), нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица,

тука и на малите и средните компании од општина Свети Николе. АВРМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање на нови работни места.

- Министерство за економија (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Некои од најзначајните програми, кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија,
- вклучително и тие од Општина Свети Николе, се: Програма за конкурентност, иновации и претприемништво.
- Министерство за финансии (www.finance.gov.mk), Најважен сектор од Министерството за финансии за малите и средните претпријатија за Општина Свети Николе е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).
- Секретаријат за европски прашања (Претпристапна поддршка | Секретаријат за европски прашања (sep.gov.mk)):
  1. ИПА 2021 – 2027 (ИПА 2021 - 2027 | Секретаријат за европски прашања (sep.gov.mk)) ИПА III е инструмент за претпристапна помош на Европската комисија за програмскиот период 2021-2027 година.

# 9 Подготовка и дефинирање на излезни извештаи за следење и евалуација на реализација на акциониот план и Стратегија за локален економски развој на Општина Свети Николе

## 9.1 Препораки за спроведување на Стратегијата

Стратешкиот план е динамички документ којшто постојано треба да се следи и да се ажурира (менува и дополнува по потреба), за да се внесат евентуално ново идентификувани програми и проекти што се во согласност со стратешките цели на развојниот план.

Акциониот план претставува збир од проектни задачи, кои треба да го поттикнат придвижувањето на општината кон посакуваната иднина, односно кон визијата. За таа цел, еден од чекорите кои беа преземени беше формирање на работни групи за секоја стратегиска област и именување на нејзин координатор. Секоја работна група изработи детален план на проектни задачи, кои ќе придонесат да се постигне посакуваната цел.

За имплементација на стратешкиот план за економски развој ќе биде одговорен Општинскиот тим.

За оперативното управување ќе биде задолжено Одделението за ЛЕР, во рамките на административните структури на општината.

Потребно е вработените во рамките на Одделението за ЛЕР да имаат продлабочени познавања од управување со проектен циклус и да имаат искуство во идентификацијата, планирањето и спроведувањето на проекти. За директно спроведување на проектите се формираат проектни тимови, одделно за секоја стратешка цел, кои треба да одредат и да мобилизираат партнери за спроведување на секој проект одделно.

Од тие причини, институционалното зајакнување на Одделението за ЛЕР е од суштинско значење за успех на предвидените програми.

Како дополнителен прилог во Анекс 1 од овој документ е поместен конкретниот Акционен план за сите стратешки области, со конкретните цели, програми, временската рамка, информации коишто со време ќе се менаџираат и ќе се управуваат, за да не го нарушат континуираниот тек на спроведувањето.

## 9.2 Систем за следење и евалуација на стратешкиот план

Во текот на секоја година од спроведувањето на стратешкиот план, Одделението за ЛЕР треба да поднесе извештај до Советот на општината, односно до градоначалникот, претставувајќи ги истовремено резултатите од работата во претходниот период и планираните програми и проекти за следниот период. Покрај информациите за реализираните и планираните активности, извештајот треба да содржи доволно информации за тековните активности, анализи и податоци за

индикаторите на тековните програми и цели, а во исто време, и информации од претходните години (т.н. ревизија на планот). Тоа ќе овозможи општинските органи (Советот на општината и градоначалникот) да можат да дадат насоки и инструкции за планот во наредната година.

Во текот на годината, раководителот на Одделението за ЛЕР има редовни тримесечни средби со општинскиот тим за ЛЕР, на коишто информира за тековните моменти од спроведувањето на стратешкиот план, за постигнатите резултати и индикаторите за сите проекти и програми во тековната година. Со овој процес, се овозможува континуирано следење и контрола на стратешкиот план во текот на петте планирани години, а во исто време, можат да се оценат планираните и спроведените мерки за поттикнување и поддржување на економскиот развој во општината.

## 9.3 Препораки за ревизија на стратегијата

Голема е веројатноста дека во текот на спроведувањето на стратешкиот план за ЛЕР на општина Свети Николе, ќе дојде до промена на некои од влезните големини или некои од предвидените ризици ќе се манифестираат со различен интензитет (било поголем или помал) од тој што бил земен предвид при стратешкото планирање. Тоа ќе води кон определување на дополнителни проекти и програми коишто се во согласност со стратешките цели на планот, односно политиките за достигнување на крајната цел – визијата, а се во склад со моменталната состојба во општината. Општинскиот тим за ЛЕР, како тело коешто ја воочило потребата за дополнување на програмската или на проектната листа, ќе биде носител за внесување на новините во стратешкиот план, односно ќе изврши негова ревизија.

# 10 АНЕКС 1: Акционен план за Стратегија за ЛЕР на Општина Свети Николе 2024 – 2028

(Во овој акционен план се опфатени приоритетните мерки кои се очекува да бидат опфатени во разгледуваниот период, истите се усогласени со годишните сектори програми на Општина Свети Николе за 2024 година)

| **Стратешка цел 1: Одржлив развој на стратешките економски гранки: земјоделие, сточарство, полједелство, пчеларство, семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1: Подобрување на состојбата во земјоделието, сточарството, полјоделството, пчеларството, семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатори** | **Износ во денари* (Проценета вредност од информативен карактер)** | **Извори на финансирање** | **Рок (година)** | **Одговорен орган** |
| 1 | Изработка на регистар на активни земјоделци, полједелци, сточари, пчелари и семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи кои се со место на | 1.Повик за пријавување на активните земјоделци, полјоделци, сточари и пчелари;<br>2.Собирање на податоци;<br>3.Детална обработка на податоците по сектор (електронска верзија); | Ажурирани на податоци во однос на бројот на активни земјоделци, полједелци, сточари, пчелари и семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи; Вклученост минимум 60 % од активните | Детална база со податоци за активни земјоделци, полјоделци, сточари и пчелари - во електронска верзија објавен на официјалната интернет страна на општината | 150000 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за земјоделие, сточарство и шумарство, Министерство за финансии: ИПА програма, ИПАРД програма | до 2025 година | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | живеење во општината | | земјоделци, полједелци, сточари, пчелари и семејни винарии и мали капацитети за обработка на земјоделски производи | | | | | |
| 2 | Спроведување на активности за поддршка на земјоделци, полјоделци, сточари, пчелари и семејни винарии, мали капацитети за обработка на земјоделски производи. | Организирање и спроведување на активности за поддршка на земјоделци, полјоделци, сточари, пчелари и семејни винарии, мали капацитети за обработка на земјоделски производи. Целта на активностите е да се поканат засегнатите страни и да се даде стручна помош со цел информирање за програми за финансирање, пазари за пласман на производите, помош при подготовка на документи за пријавување на програмите за финансирање, помош при временски непогоди. | Зголемена соработка со земјоделците, полјоделците, сточарите, пчеларите и семејните винарии, малите капацитети за обработка на земјоделски производи; поголема информираност на населението за можностите за финансирање | Услужени и контактирани 50 % од регистрираните земјоделци, сточари, полјоделие и пчеларите семејни винарии, мали капацитети за обработка на земјоделски производи; | Во рамки на буџетот на општината | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за земјоделие, сточарство и шумарство, Министерство за финансии: ИПА програма, ИПАРД програма | од 2025 година | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Организација на промотивни денови на производите од земјоделието, полјоделството, сточарството, пчеларството и семејни винарии. | Осмислување на програма за организирање на настан за промоција на производи од секторите земјоделство, сточарство, полјоделство и пчеларство<br>Изработка и печатење на промотивни материјали, медиумска покриеност на настаните за поголема покриеност | Подигнување на повисоко ниво значењето и влијанието на овие сектори за општината<br>Број на учесници - промотори на настанот<br>Број на гости на настанот | Информативни состаноци 4 на годишно ниво | 300000 денари / годишно | Буџет на Општина Свети Николе, | со почето к од 2024 година | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 4 | Поддршка на компании и земјоделци при аплицирање на средства од ИПАРД програмата | Објавување на повиците од ИПАРД програмата на официјалната интернет страна на општината; организирање на состаноци за известување за целите, целната група и висината на повикот. Помош при изготвување на пријавата за повиците. | Зголемен број на пријавени по повик, зголемен број на добиени грантови. | Поднесени 100 пријави за финансирање | 60000 денари / годишно | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за земјоделие, сточарство и шумарство, Министерство за финансии: ИПАРД програма | Од 2024 година | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| **Стратешка цел 2: Создавање на подобри услови за постоечките ММСП и привлекување на нови инвестиции од Република Македонија и од странство** | | | | | | | | |
| **Приоритет 1: Соработка со постоечкиот бизнис сектор** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | **Одговорно тело** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подобрување на деловното вмрежување преку општина Свети Николе - Создавање општински бизнис центар на официјалната веб-страница на општината Центарот ќе биде едношалтерска дестинација за сите релевантни информации, ресурси и упатства што можеби ќе им бидат потребни на локалните бизниси. | изработка на делот кој треба да се додаде на официјалната интернет страница на општината | Приспособена и проширена интернет страница Поголема соработка на општината со правните субјекти | 30% зголемена посетеност интернет страната | 200000 денари | Буџет на Општина Свети Николе, со помош на локалните бизниси | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| | Одржување на центарот | постојано надополнување на центарот со нови податоци | Зголемена посетеност на интернет страницата Задоволни компании | | Во рамки на буџетот на општината | Буџет на Општина Свети Николе, со помош на локалните бизниси | од 2024 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Изработка на регистар со заинтересиран и компании | Собирање на податоци за локалните бизниси Подготовка на регистарот | Детална база со податоци за активните правни субјекти кои се на територијата на општината | учество на 50 % од компаниите | 200000 денари | Буџет на Општина Свети Николе, со помош на локалните бизниси | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 3 | Организација на настани и работилници (семинари, состаноци бизнис-бизнис, панел дискусии и сл.) на општинско и регионално ниво - на кои ќе се споделат информации за понатамошна соработка и споделување на сопствени искуства | Организација на годишна програма за дефинирање на редовни состаноци/обуки/соста ноци и сл. Редовна комуникација со локалните компании | Зголемена соработка и појасна слика за потребите кои ги имаат бизнис секторот и граѓаните | 30 учесници на секој настан 10 склучени договори за соработка | 800 денари / лице | Буџет на Општина Свети Николе, со помош на локалните бизниси | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| **Приоритет 2: Намалување на невработено ста и насочени вработувања преку организирањ е на Денови на кариера** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | **Одговорно тело** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подготовка на заеднички план/програма на општината и бизнис секторот за организирање на Денови на кариера за невработените лица | Планирање, подготовка, спроведување на истражување и подготовка на документ<br>Анализа на состојби и досегашни програми во однос на невработеноста и вработувањето<br>Анализа на типот и бројот на лица кои недостасуваат во локалните компании | Соодветни вработувања според стручноста и потребата на компаниите | 1 Програма за намалување на невработеноста | Во рамки на буџетот на општината | Буџет на Општина Свети Николе; локални бизнис компании | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 2 | Организирање на настанот Денови на кариера | Дефинирање на должината на траење на настанот;<br>Објавување на официјалната страна на општината за информирање и отворена покана за учество до невработените лица | | 30% учество на компаниите<br>100 граѓани учесници | 300 денари по лице | Буџет на Општина Свети Николе; локални бизнис компании | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| **Приоритет 3: Привлекување на нови домашни и меѓународни инвестиции преку инвестициска промоција на општината пред домашни и меѓународни институции** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | Индикатори | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | **Одговорно тело** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Привлекување на домашни и странски компании - инвеститори | Анализа за развој на погодни индустрии во Општина Свети Николе изработка на водич за привлекување на инвестиции | Изработен водич со: детална база за погодни индустрии кои може да се развиваат во општината и регионот, а ќе ги содржи и предностите кои ги нуди општината - електронска форма | Електронска верзија на Водич за развој на погодни индустрии | 300000 денари | Буџет на Општина Свети Никол | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 2 | | Графичка подготовка и печатење на водичот | Водич со сите карактеристики и можностите за развој на економија во општината | Испечатени 1000 примероци | 600 денари една брошура во боја до 20 страни B5 формат | Буџет на Општина Свети Никол | од 2024 | |
| 3 | | Дефинирање на план за организирање на Настани за промоција на општината секторски начосени | Јасно утврдени цели за развој на економските зони | 2 настани годишно учество на 5 компании на еден настан кои ќе бидат можни нови инвеститори | 120.000 денари за еден настан | Буџет на Општина Свети Никол | од 2024 | |
| **Стратешка цел 3: Подобрување на квалитетот на живеење преку социјална инклузија на младите, невработените и социјално ранливите лица** | | | | | | | | |
| **Приоритет 1: Намалување на миграцијата на младите** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стратегија за поддршка на младите | Анализа на состојбата во однос на вработеноста и вработувањето на младите, Подготовка на стратегија за активно вклучување на младите при донесување на одлуки токму за младите | Изработена стратегија | Вклучени минимум 10 млади лица во процесот на изработка | 300000 денари | Буџет на Општина Свети Николе | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 2 | Кампања за подигање на свеста кај младите за користење на активните мерки од Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | Промоција на кампањата: електронски преку официјалната интернет страна на општината, печатење верзија на летоци со сите информации за кампањата и контакт на кој можат да се обратат, одржување на промотивните настани може да е во општинската зграда или пак во образовните институции | Подобрена соработка на општината и младите | 2 промотивни настани годишно 60 учесници на настаните 60 пријави за користење на промотивните мерки 100 млади опфатени со кампањата | 60000 денари/ годишно за кампања 200 денари еден леток во боја | Буџет на Општина Свети Николе, АВРМ | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 3 | Помош на младите за влез на пазарот на трудот, преку одржување на Обуки и работилници за изработка на биографија и мотивационо писмо и запознавање со правата од работен однос | Организирање на обуките; дефинирање на типот на обуката и работилницата; отворна покана на младите објава на повик за учество (објавена на официјалната страна на општината, испратена до образовните институции во општината и др.) | Дефиниран програми кон кои треба да се насочат младите за нивно стручно обучување | 60 учесници на обуките и работилниците 4 одржани обуки и работилници на годишно ниво | 400 денари по лице | Буџет на Општина Свети Николе | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |

| **Приоритет 2: Поддршка на младите и спортот** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Спортски активности | Организирање на:<br>-Летен Турнир во мал Фудбал<br>- Турнир во мал Фудбал – с. Мустафино<br>- Меморијален турнир „Александар Серафимов“<br>- Турнир во кошарка 3x3<br>- Турнир во мал Фудбал – с. Ерџелија | Зголемена промоција на спортот | Организирање на:<br>-Летен Турнир во мал Фудбал: 10 тимови<br>- Турнир во мал Фудбал – с. Мустафино: 10 тимови<br>- Меморијален турнир „Александар Серафимов“: 10 тимови<br>- Турнир во кошарка 3x3: 10 тимови<br>- Турнир во мал Фудбал – с. Ерџелија: 10 тимови | 410000 денари | Буџет на Општина Свети Николе | Во 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности. Оделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање |
| 2 | Поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и на училишниот спорт | Спроведување на проекти:<br>-Спортски здруженија<br>-Училишен спорт<br>-Кошарка<br>-Фудбал, Футсал<br>-Ракомет | Зголемена промоција на спортот кај најмладите и сите спортски активисти | Спроведени и поддржани 25 проекти | 2690000 денари | Буџет на Општина Свети Николе | Во 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности; Оделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Поддршка на млади и младинско учество | 1.Конституирање на локалното собрание за млади<br>-Спроведување на избор на членки/ови на Совет на Млади<br>-Финансирање на потребите на Канцеларијата за млади<br>2. Спроведување на иницијатива за формирање на Младински центар<br>3. Изработка на Стратегија за млади<br>4. Финансирање на активности за млади (ж/м) – трибини, едукативни кампови, младинско учество, младинско информирање, еколошко – спортски – културни активности и др. | Зголемено ангажирање на младите од општината за нивен понатамошен развој во рамки на општината | 5 члена на собранието за млади<br>1 општински простор достапен и адаптиран за Младински центар<br>Изготвен 1 стратешки документ<br>4 активности организирани; и<br>10 момчиња и девојчиња - учесници/едуцирани; | 140000 денари | Буџет на Општина Свети Николе | Во 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности; Оделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање; Службеник за млади |
| **Приоритет 3: Социјални програми** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати и индикатори** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | **Одговорно тело** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на електронски информатор „Е-информатор“ за социјална заштита | Соработка со НВО организациите кои работат во областа социјално згрижување (на пр. Црвен крст); Собирање и анализа на податоци за електронски водич кој ќе ги информира социјално загрозените лица за социјалните мерки кои се активни и условите со кои може да се користат истите. | Зголемена соработка на општината со НВО организациите | Изработен „Е-информатор“ | 600000 денари | Буџет на Општина Свети Николе; Министерство за труд и социјална политика | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 2 | Локално координативно тело за жртви на семејно насилство и секаков вид на насилство | Локално координативното тело ќе има задача да нуди стручна помош и правна заштита | Формирано тело за справување со насилство | 20 лица/годишно на кои им е понудена стручна помош | 60000 денари | Буџет на Општина Свети Николе; Министерство за труд и социјална политика | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 3 | Програми за активно и здраво стареење: Соработка со центарот за социјални работи со цел обезбедување на нега на стари лица во домашни услови | Дефинирање на бројот на стари лица кои имаат потреба од ваков тип на помош<br>Изработка на програма и дефинирање на активности<br>Повик на волонтери<br>Обука на волонтерите | Програма за нега на тари лица и зголемен број на згрижени стари лица | 100 стари лица кои ќе бидат опфатени<br>10 вклучени волонтери | До 12000 денари за еден волонтер | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за труд и социјална политика, други извори | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Намалување на социјално загрозените семејства преку сезонски ангажман на лицата | Објавување на повик за пријавување<br>Активно ангажирање на социјално загрозените лица како сезонски работници | Намален број на социјално загрозени семејства | 20 лица кои ќе бидат ангажирани | до 21000 денари за едно лице | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за труд и социјална политика, други извори | од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 5 | Проширување на проектот „Народна кујна“ во руралните места | Анализа на руралните места каде што може да се прошири проектот<br>Регистар на штитеници кои ќе ги користат услугите на Народната кујна | Згрижено население | 100 штитеници<br>2 рурални места каде што ќе може да се прошири проектот | До 300 денари по лице по оброк | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за труд и социјална политика, други извори | Од 2025 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| 6 | Изградба на детска градинка во село Ерџелија | Зголемување на капацитетите на детските градинки – | Намалено иселување на населението од тоа населено место<br>Вработување на лица за згрижување на децата и одржување на објектот<br>Постоечки објект - детска градинка штопретставува капитален објект | 50 згрижени деца<br>20 вработени | 29000000 | грант од Министерство за труд и социјална политика | | Општина Свети Николе - Одделение за урбанизам и заштита на животна средина, МТСП |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Поддршка на стари занаети – настани за промоција | Зачувување на стари занаети преку промоција на занаетите и вклучување на млади кои ќе се занимаваат со занаетчиство | Зачувување на традиционалните вредности кои произлегуваат од негувањето на старите занаети | одржан 1 настан годишно со можност за траење од 2 дена | 300000 денари по настан | Буџет на Општина Свети Николе | Од 2024 | Општина Свети Николе - Одделение за Локален економски развој и јавни дејности |
| **Стратешка цел 4: Современа урбана и рурална инфраструктура, урбанистичко планирање и подобрување на условите во јавните институции во согласност со потребите на населението** | | | | | | | | |
| **Приоритет 1: Патна инфраструктура** | **Проект** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатори** | **Износ во денари** | **Извори на финансирање** | **Рок** | **Одговорен тело** |
| 1 | Изградба на патна и и комунална инфраструктура „Мало стопанство” (делумно реализирано) | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | | 18401179 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |
| 2 | Локален пат за изградба, спој клучка м.в. Преодски ливади до с. Алакинци со во должина од 3.3 km, ширина на коловозот од 4.0 m земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | 3.3 km асфалтиран пат | 30442500 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Локален пат за изградба од спој клучка магистрален пат Штип-Велес до с. Делесинци, во должина од 2.5 km ширина на коловозот од 4.0 m земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | 2.5 km асфалтиран пат | 23062500 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |
| 4 | Локален пат за изградба од с.Преод до с.Трстеник, во должина од 3.1 km ширина на коловозот од 4.0 m е земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | 3.1 km асфалтиран пат | 28597500 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |
| 5 | Локален пат Преод-Крушица во должина од 3.5 km комплет изведба (моментално е земјен пат) - тампонирање и асфалтирање | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | 3.5 km асфалтиран пат | 32287500 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Локален меѓуопштински пат Горобинци-Иванковци во должина од 6.15 km за изградба (земјен пат) | Изработка на техничка документација Финансиска конструкција Реализација на проект | Подобрени услови за транспорт на патишта Подобрени услови за населението | 6.15 km за изградба (земјен пат) | 56733750 денари | Буџет на Општина Свети Николе, Министерство за финансии: ИПА програма и други извори | | Општина Свети Николе Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |
